- БДОо – Блок дотација за основно образование на општината;
- О – Основна сума по училиште;
- ПУу – Пондерирани ученици во училиште;
- С – Стандард по ученик;
- Уу – Број на ученици во училиштето;
- Уп – Број на ученици во предметна настава;
- Кп – Коефициент за предметна настава (0.2);
- Упп – Број на ученици со посебни потреби во училиштето;
- Кпп – Коефициент за ученици со посебни потреби (1).

Член 4

Средствата определени од блок дотацијата за секое училиште се користат за финансирање на пренесените надлежности во основното образование.

Член 5

Распределените средства од блок дотацијата по основните училишта се насочуваат преку општина Струмица месечно или по динамика договорена меѓу Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“, а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр.08-10357/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…….

456.

Врз основа на член 101 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 182/21“) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за средно образование за 2023 година

Член 1

Со овие критериуми се уредува распределбата на блок дотацијата за средно образование за 2023 година.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за реализација на воспитно-образовниот процес во училиштата за средно образование во општина Струмица, како пренесена надлежност на локалната самоуправа и исполнетите услови согласно членот 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) за календарската 2023 година, се врши по следните критериуми:

- Основна сума по училиште;
- Број на ученици во училиштето;
- Број на ученици во стручно образование;
- Број на ученици со посебни потреби во училиште.

Член 3

Распределбата на средствата од блок дотацијата за средно образование се врши според следната формула:

– БДСо= О + ПУу х С;
– ПУу= Уу + Ус х Кс + Упп х Кпп;
– БДСо - Блок дотација за средно образование на општината;
– О - Основна сума по училиште;
– ПУу – Пондерирани ученици во училиште;
– С – Стандард по ученик;
– Уу – Број на ученици во училиштето;
– Ус – Број на ученици во стручното образование;
– Кс – Коефициент за стручно образование (0.2);
– Упп- Број на ученици со посебни потреби во средно образование;
– Кпп- Коефициент (пондер) за ученици со посебни потреби во средно образование (1).

Член 4

Средствата определени од блок дотацијата за секое училиште се користат за финансирање на пренесените надлежности во средното образование.

Член 5

Распределените средства од блок дотацијата од Буџетот на Република Македонија по средните училишта се насочуваат преку Општина Струмица месечно или по динамика договорена меѓу Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“, а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр.08-10358/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
……

457.

Врз основа на 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 14 став 1 точка 7 и член 20 точка 44 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за доделување на еднократна парична помош на семејства со првачиња запишани за прв пат во основните училишта во општина Струмица во учебната 2023/2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Струмица за 2023 година за семејства со прваче во нето износ од 2.000,00 денари.

Член 2

Право на еднократна парична помош на семејства со прваче имаат родителите на сите првачиња запишани за прв пат во општинските основни училишта во Општина Струмица во учебната 2023/2024 година.

Член 3

За остварување на правото на еднократна парична помош на семејства со прваче се поднесува Барање до Градоначалникот на општина Струмица, од 01.05.2023 година до исполнување на предвидениот број, а најдоцна до 30.11.2023 година.

Барањата кои ќе бидат поднесени по наведениот период нема да бидат предмет на разгледување.

Член 4

Со Барањето за остварување на еднократна парична помош на семејства со прваче се приложуваат следните документи:

- Потврда за запишан ученик во прво одделение за прв пат во учебната 2023/2024 година, заверена од општинско основно училиште од Општина Струмица
- Фотокопија од извод на родени на детето
- Фотокопија од лична карта на родителите/старателите
- Фотокопија од трансакциска сметка на родителот/старателот кој го пополнува барањето
- Изјава за давање согласност за користење и обработка на лични податоци на родителот/старателот кој го пополнува барањето

Член 5

Еднократната парична помош на семејства со прваче, врз основа на приложената документација ја доделува Градоначалникот на општина Струмица со поединечно Решение.

Член 6

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10359/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……

458.

Врз основа на 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 14 став 1 точка 7 и член 20 точка 44 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за доделување еднократна парична помош за новороденче на подрачјето на Општина Струмица во 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Струмица, за 2023 година за новороденче со постојано живеалиште на родителот на подрачјето на Општина Струмица во нето износ од 6.000,оо денари

Член 2

Право на еднократна парична помош за новороденче има мајка родилка која родила едно или повеќе живородени деца (близнаци, тројка или повеќе) при раѓање.
По исклучок правото на еднократна парична помош може да ја оствари и таткото новороденчето.

Член 3

За остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче се поднесува барање до Градоначалникот на општина Струмица, најдоцна до наполнети три месеци живот на детето.
Барањата кои се поднесени по третиот месец од раѓањето на детето нема да бидат предмет на разгледување.

Член 4

Со барањето за остварување на еднократна парична помош за новороденче се приложуваат следните документи:

1. Лични карти од мајката и таткото на новороденчето (копија).
2. Извод од матичната книга на родените за детето (копија)
3. Трансакционна сметка.
4. Своерачна изјава за постојан престој на подрачјето на Општина Струмица.

Член 5

Еднократната парична помош за новороденче, врз основа на приложената документација ја доделува Градоначаникот на општина Струмица со поединечно Решение.

Член 6

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година, поточно од потпрограмите АО – Совет; ЕО – Општинска Администрација и ДО – Градоначалник.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10360/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…….

459.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за доделување парична помош на Добрина Костовска

Член 1

На Добрина Костовска и се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување на нејзината ќерка Ирина Костовска.

Член 2

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10361/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…….

460.

Врз основа на член 53 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 67/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патниците на подрачјето на општина Струмица

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 21/10, 12/12, 28/12, 21/13, 14/14, 16/14, 15/15,1/17, 20/18, 30/19, 33/20, 6/21 и 27/21), во член 52 зборовите: „ќе се применува од 01.01.2023 година“ се заменуваат со зборовите: „ќе се применува од 01.01.2024 година“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10362/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…….

461.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 14 став 1 точка 7 и член 20 точка 44 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за ослободување од плаќање надомест за престој на деца на самохрани родители во ЈОУДГ “Детска радост“ Струмица

Член 1

Со оваа Одлука се ослободуват од плаќање на надомест во висина од 1.490,оо денари за престој во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица, самохрани родители на деца кои земаат плата пониска од просечната месечно исплатена нето плата на ниво на Република Северна Македонија и живеат на територијата на Општина Струмица.

Член 2

Самохраниот родител е потребно да ги приложи до Општина Струмица следните документи:

1. Потврда за просечна плата на самохраниот родител за последните три месеци;
2. Потврда од надлежен орган, со која лицето докажува дека спаѓа во категоријата „Самохран родител“; и
3. Доказ за жителство во Општина Струмица (фотокопија од важечка лична карта).

Член 3

Изборот ќе се врши од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на општина Струмица по пат на јавен повик, по принципот „Прв дојден, прв услужен“ .

Член 4

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10363/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…….

462.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 14 став 1 точка 7 и член 20 точка 44 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за ослободување од плаќање надомест за престој на деца на самохрани родители во ЈОУДГ “Виножито“ Струмица

Член 1

Со оваа Одлука се ослободуват од плаќање на надомест во висина од 1.490,оо денари за престој во ЈОУДГ „Виножито “

Струмица, самохрани родители на деца кои земаат плата пониска од просечната месечно исплатена нето плата на ниво на Република Северна Македонија и живеат на територијата на Општина Струмица.

Член 2

Самохраниот родител е потребно да ги приложи до Општина Струмица следните документи:

1. Потврда за просечна плата на самохраниот родител за последните три месеци;
2. Потврда од надлежен орган, со која лицето докажува дека спаѓа во категоријата „Самохран родител"; и
3. Доказ за жителство во Општина Струмица (фотокопија од важечка лична карта).

Член 3

Изборот ќе се врши од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на општина Струмица по пат на јавен повик, по принципот „Прв дојден, прв услужен".

Член 4

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10364/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

…….

463.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за субвенционирање на сметките на гас за домаќинствата на подрачјето на општина Струмица за 2023 година

Член 1

Се субвенционираат средствата за потрошен гас за домаќинствата во Општина Струмица, во нето износ од 10 ден/м^3 во 2023 година.

Член 2

Средствата во нето износ од 10 ден/м^3, ќе се исплаќаат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година, на сметка на потрошувачите на гас, врз основа на доставен извештај од страна на ЈПЕД „Струмица - Гас" Струмица.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10365/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……..

464.

Врз основа на член 19 став 4,5 и 6 и член 27 став 8 и 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на органите на ЈП„Паркиралишта"Струмица, именувани од Советот на општина Струмица

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на

Претседателот и членовите на органите на управување на ЈП„Паркиралишта“Струмица.

Член 2

Месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и членовите на Управниот одбор на ЈП„Паркиралишта“Струмица, изнесува:

- За претседател – 3.000,оо денари;
- за член - 2.500,оо денари.

Член 3

Месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјалното и финансиското работење на ЈП „Паркиралишта“ Струмица, изнесува:

- За претседател - 3.000,оо денари;
- за член - 2.500,оо денари.

Член 4

Надоместокот за тековниот месец не се исплатува, за членовите што не присуствувале, или не е одржана седница на органот на ЈП „Паркиралишта“ Струмица, именуван од Советот на општина Струмица.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10366/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……..……..

465.

Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 14 став 1 од Уредбата за Методологијата за изработка на процената на загрозеност на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

О д л у к а
за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности за 2023 година

Член 1

Да се ажурира Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности.

Член 2

Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности ја ажурира Регионалниот центар за управување со кризи – Струмица, согласно член 5 став 2 алинеја 6 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21).

Член 3

Регионалниот центар за управување со кризи Струмица да ги координира активностите за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности и да изготви ажурирана Процена на загрозеност за подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности.

Член 4

Ажурираната Процена на загрозеност за подрачјето на Општина Струмица од сите ризици и опасности да се достави до Градоначалникот на општина Струмица

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10367/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

……

466.

Врз основа на член 114 став 8 и 18 од Законот за заштита на децата „Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 54 став 2 точка 3 од Статутот на ЈОУДГ „Виножито" Струмица и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18,16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

Р е ш е н и е
за дополнување на Решението за именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито" – Струмица

1. Во Решението за именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „Виножито" Струмица (Службен гласник на општина Струмица бр.12/22) во точка 1 се додава:

- Виолета Донева (претставник од установата),
- Марина Хаџикотарова (претставник од родителите) и
- Светлана Пиличева Ѓорѓиева (претставник од родителите).

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица".

Бр.08-10368/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…….

467.

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

Р е ш е н и е
за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето" Струмица

1. Од должноста членови во Управниот одбор на ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица, се разрешуваат: Саветка Ристоманова, Денис Мустафов, Елена Панова, Душко Ангелов и Марија Брндевска.

2. За членови во Управниот одбор на ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица, се именуваат:

- Магдалена Стојкова (претставник од основачот);
- Дејан Коцев (претставник од основачот);
- Душко Ангелов (претставник од основачот);
- Саветка Глигорова (претставник вработен во ЛУБ) и
- Аница Глигорова Митева (претставник вработен во ЛУБ).

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10369/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....…….

468.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 20 став 1 точка 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за работа на Советот на општина Струмица за 2023 година

I. Општ дел

Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2023 година, се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на Република Македонија, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самуправа како и Статутот на општина Струмица и Деловникот за работа на Советот на општина Струмица.

Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот, обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

II. Посебен дел

Јануари – јули 2023 год.

1. **Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за втората половина од 2022 година**
   Изработува: СВР Струмица
   Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
   Усвојува: Совет на општина Струмица

2. **Завршна сметка на Буџетот на општина Струмица за 2022 година; Изработува:** Сектор за финансиски прашања
   Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
   Усвојува: Совет на општина Струмица

3. **Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2022 година;**
   Изработува: Одделение за комунални работи
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

4. **Извештај за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2022 година;**

   Изработува: Одделение за комунални работи
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

5. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2022 година;**

   Изработува: ЈП „Паркиралишта – Струмица”
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

6. **Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Струмица за 2022 година;**
   Изработува: Одделение за урбанизам
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

7. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното зеленило во 2022 година;**
   Изработува: ЈПКД „Комуналец” Струмица
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

8. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистоќа во 2022 година**;
   Изработува: ЈПКД „Комуналец” Струмица
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

9. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2022 година;**
   Изработува: Одделение за јавни

дејности;
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт;
Усвојува: Совет на општина Струмица.

10. **Извештај за реализација Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2022 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности;
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт;
Усвојува: Совет на општина Струмица

11. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2022 година**
Изработува: Сектор за локален економски развој и заштита наживотната средина;
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој;
Усвојува: Совет на општина Струмица.

12. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2022 година**;
Изработува: Одделение за јавни дејности;
Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита изаштита на децата;
Усвојува: Совет на општина Струмица.

13. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2022 година**;
Изработува: Сектор за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

14. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2022 година;**
Изработува: Одделение за општи и правни работи и ТППЕ – Струмица.
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

15. **Извештај за реализација на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2022 година;**
Изработува: Организациониот одбор на Струмичкиот карневал;
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт; и Комисија за општествени дејности;
Усвојува: Совет на општина Струмица

16. **Извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2022/2023 година во зимски услови;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

17. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2023 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

18. **Извештај за работата на ЈПКД "Комуналец" за 2022 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец" Струмица

Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

19. **Финансов извештај за работата на ЈПКД "Комуналец" со Завршна сметка за 2022 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

20. **Извештај за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2022година;**
Изработува: ЈП "Паркиралишта - Струмица" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

21. **Финансов извештај за работата на ЈП "Паркиралишта - Струмица" со Завршна сметка за 2022 година;**
Изработува: ЈП „Паркиралишта" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

22. **Извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" за 2022 година;**
Изработува: ЈП "Струмица гас" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

23. **Финансов извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" со Завршна сметка за 2022 година;**
Изработува: ЈП „Струмица - гас" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

24. **Годишни завршни сметки на Средните општински училишта за 2022година и тоа:**
- **Средно општинско училиште "Јане Сандански" Струмица**
- **Средно општинско училиште "Димитар Влахов" Струмица,**
- **Средно општинско училиште "Никола Карев" Струмица**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

25. **Годишни завршни сметки на Основните општински училишта и предучилишни установи за 2022 година и тоа:**
- **ООУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ООУ "Сандо Масев" Струмица;**
- **ООУ "Видое Подгорец" Струмица;**
- **ООУ "Маршал Тито" Струмица;**
- **ООУ "Даме Груев" Куклиш;**
- **ООУ "Маршал Тито" Муртино;**
- **ООУ "Гоце Делчев" Вељуса;**
- **ООУ "Св. Кирил и Методиј" Дабиле;**
- **ООУ "Герас Цунев" Просениково;**
- **Основното музичко училиште "Боро Џони" Струмица;**
- **ЈОУДГ "Детска радост" Струмица**
-

Изработуваат: Училиштата и ЈОУДГ "Детска Радост" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

26. **Извештај за работата со годишна завршна сметка на Дом за децаи млади "Благој Мучето" Струмица за 2022 година;**
Изработува: Дом за деца и млади

"Благој Мучето"
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

27.Извештај за работата со Годишна завршна сметка на ЛУБ "Благој Јанков - Мучето" Струмица, за 2022 година;
Изработува: ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт.
Усвојува: Совет на општина Струмица

28.Буџетски календар за подготовка на Буџетот на општинаСтрумица во 2024 година;
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

29.Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за првите шест месеци од 2023 година
Изработува: СВР Струмица
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

Септември – декември 2023 г.

1. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општинаСтрумица во 2023 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

2. **Извештаи за работа на средните училишта во Општина Струмица во учебната 2022/2023 година и тоа:**
- **СОУ "Јане Сандански" Струмица**
- **СОУ "Димитар Влахов" Струмица,**
- **СОУ "Никола Карев" Струмица.**
- **Изработуваат:** Училиштата

Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

3. **Извештаи за работа на основните училишта во Општина Струмица во учебната 2022/2023 година и тоа:**
- **ОУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ОУ "Сандо Масев" Струмица**
- **ОУ "Видое Подгорец" Струмица,**
- **ОУ "Маршал Тито" Струмица,**
- **ОУ "Даме Груев" Куклиш,**
- **ОУ "Маршал Тито" Муртино,**
- **ОУ "Гоце Делчев" Вељуса**
- **ОУ "Св. Кирил и Методиј" Дабиле,**
- **ОУ "Герас Цунев" Просениково**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

4. **Извештај за работа на Основното музичко училиште "Боро Џони" Струмица во учебната 2022/2023** година;
Изработува: ОМУ "Боро Џони" Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

5. **Извештај за работа на ЈОУДГ "Детска радост" – Струмица во учебната 2022/2023 година;**
Изработува: ЈОУДГ "Детска радост" – Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

6. **Предлог - Годишни програми за работа на општинските средни училишта во Општина Струмица во учебната 2023/2024 година и тоа:**

- **СОУ "Јане Сандански" Струмица;**
- **СОУ "Димитар Влахов" Струмица;**
- **СОУ "Никола Карев" Струмица;**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

7. **Предлог-Годишни програми за работа на општинските основни училишта во Општина Струмица во учебната 2023/2024 година и тоа:**

- **ООУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ООУ "Сандо Масев" Струмица**
- **ООУ "Видое Подгорец" Струмица,**
- **ООУ "Маршал Тито" Струмица,**
- **ООУ "Даме Груев" Куклиш,**
- **ООУ "Маршал Тито" Муртино,**
- **ООУ "Гоце Делчев" Вељуса**
- **ООУ "Св. Кирил и Методиј" Дабила,**
- **ООУ "Герас Цунев" Просениково**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

8. **Предлог-Годишна програма за работа на Основно музичко училиште "Боро Џони" Струмица за учебната 2023/2024 година;**

Изработува: ОМУ "Боро Џони" Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

9. **Предлог-Годишна програма за работа на ЈОУДГ"Детска Радост" - Струмица за учебната 2023/2024 година;**
Изработува: ЈОУДГ "Детска радост" –Струмица
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

10. **Програма за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2023/2024 година во зимски услови;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

11. **Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" за 2024 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец"

Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

12. **Програма за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2024 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец"
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

13. **Програма за работата на ЈПЕД "Струмица-гас" за 2024 година;**
Изработува: ЈПКД "Струмица-гас" Струмица

Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

14. **Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2024 година;**
Изработува: Одделение за комуналниработи

Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

15. **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2024 година**;
Изработува: Одделение за комуналниработи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

16. **Програма за Јавното осветлување на општина Струмица за 2024година;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

17. **Програма за донесување на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица во 2024 година**;
Изработува: Одделение за урбанизам
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува : Совет на општина Струмица

18. **Програма за одржување на јавната чистоќа во 2024 година;**
Изработува: ЈПКД „Комуналец" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

19. **Програма за активностите на Општина Струмица од областа**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

20. **Програма за активностите на Општина Струмица во областа наспорт и млади во 2024 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

21. **Програма за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2024 година**

Изработува: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

22. **Програма за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2024 година**;
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита изаштита на децата.
Усвојува: Совет на општина Струмица

23. **Програма за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2024 година**;
Изработува: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

24. **Програма за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2024 година;**

Изработува: Одделение за општи иправни работи и ТППЕ Струмица
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

25. Програма – календар за одбележување на празници и манифестации во 2024 година;
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за општественидејности
Усвојува: Совет на општина Струмица

26. Програма за реализацијата на Струмички карневал – 2024 год.
Изработува: Организационен одбор на Струмичкиот карневал
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

27. Предлог-Буџет на општина Струмица за 2024 година;
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

28. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2024 година;
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

29. Програма за работа на Советот на општина Струмица за 2024 година.
Изработува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
Разгледува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
Усвојува: Совет на општина Струмица

III. Нормативен дел

Овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2023 година ја регулира нормативната дејност на Советот односно донесување на програми, одлуки, решенија и заклучоци од надлежност на Советот, како и акти за усогласување со постојните прописи и прописите што ќе бидат донесени во текот на 2023 година од страна на државните органи.

Материјалите утврдени со Програмата и другите акти по кои Советот ќе се произнесува во текот на 2023 година претходно ќе ги разгледуваат комисиите при Советот на општина Струмица, согласно надлежностите утврдени со Статутот на општина Струмица.

IV. Завршен дел

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници, да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2023 година, Советот на општина Струмица ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

V. Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10370/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....

469.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
на Општина Струмица за работа со облиците на месна самоуправаво 2023 година

1. **Вовед**

Граѓаните во општината за работите од непосредно и секојдневно значење за својот живот и работа одлучуваат преку облиците на месна самоуправа.

Во општината како облици на месна самоуправа во градот се основани урбани заедници и во населените места – месни заедници.

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа покренуваат

иницијативи за:

- решавање на прашања од комунална инфраструктура засоодветното подрач
- изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, култури домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации

и

- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советите на облиците на месната самоуправа даваат иницијативи и предлози до надлежните органи на општината за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашањаод интерес на граѓаните.

2. **Финасирање**

Финасирањето на облиците на месна самоуправа се реализира со:

- средства од Буџетот на општината;
- средства кои што општинта им ги одстапува на облиците на месна самоуправа согласно плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здржуваат;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги;
- подароци и други средства.

Во Буџетот на општина Струмица за реализација на активности од областа на месната самоуправа се предвидени 20.000.000 денари во Програмата ДА - Месна самоуправа (капитални објекти), за реализација на следните активности:

ДА: Месна самоуправа (капитални објекти) .. 14.500.000 денари

р.б.	Назив на програмата
1	Реконструкција на дом на култура во с.Куклиш
2	Паркови и зеленила во населени места
3	Уредување на простор во поранешна маларична болницаво 3-та урбана заедница

3. **Други активности**

Градоначалникот може со решение да делегира вршење на определена работа за реализација на одреден непосреден интерес од секојдневно значење за животот и работата на жителите на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата протребни за извршување на работите, се утврдуваат во решение за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите .

Општинската администрација ги врши стручните, административн-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

4. **Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-10371/1Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....

470.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,

1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за изработка на урбанистички планови на подрачјетона Општина Струмица за 2023 година

1. Вовед

Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на Општина Струмица за 2022 година претставува основа за изработка и донесување на: Урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

2. F1 – Урбанистичко планирање ..... 6.300.000,оо денари
-Урбанистички планови ..... 2.000.000,оо денари
- Геодетски услуги ….....2.300.000,оо денари
- Основни проекти ..... 2.000.000,оо денари

I. Детални урбанистички планови во градот

р.б.	Објект	Износ денари
1	Детален урбанистички план за централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), 30 (УЕ7), 33 (УЕ4), и 37/1 (УЕ 5) во Струмица	
2	Блок 39 и 40	
3	Блок 40	
4	Измени на ГУП на град Струмица	
5	Блок 30 (дел)	
6	Блок 8 (дел)	
7	ДУП за дел од Блок 20 (Блок 2 по ГУП),со граничен опфат: - ул. „Ленинова“, - ул. „Браќа Миладинови“, - ул. „Јанко Цветинов“, - ул. „Илјо Шопов“, - ул. „Киро Минанов“, и - бул. „Климент Охридски“.	
8	Детален урбанистички план за дел од блок 17 (блок 33 согласно ГУП на град Струмица) со плански опфат во следните граници: - Од северозапад, североисток и југоисток со осовина на ул.„ Мирче Ацев“; - Од југозапад со осовина на ул.„Орце Николов“.	
9	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 18 со плански опфат во следните граници: - Од северозапад со осовина на ул.„У-14“ согласно ДУП за блок 18; - Од североисток со осовина на ул.„Бр.1“ согласно ДУП за блок 18; - Од југоисток со осовина на ул.„У-12“ согласно ДУП за блок 19 , и - Од југозападзапад со осовина на ул.„У-5“ согласно ДУП за блок 18.	
10	Блок 18/2	

II. Детални урбанистички планови во градот самофинансирање

р.б.	Објект	Износ денари
1	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 20 (блок 1, УЕ 1, согласно ГУП на град Струмица) со плански опфат во следните граници: - Од западна, северна, североисточна страна со осовина на ул.„Васил Сурчев“; - Од југоисток со осовина на ул.„Братство и единство“; - Од јужна страна со осовина на ул.„4-ти Јули“.	Самофи-нансирање
2	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 20 (блок 1, УЕ 1, согласно ГУП на град Струмица) со плански опфат во следните граници: - Од север со осовина на ул.„24-ти Октомври“; - Од запад со осовина на ул.„Жртви на фашизмот“; - Од југозапад со осовина на ул.„Васил Сурчев“; и - Од југоисток со осовина на ул.„ Братство и единство“.	Самофинан сирање
3	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 2 УЕ1, по ГУП за град Струмица, со плански опфат со следните граници: од западна страна со бул.„Ленинова“, - од северна страна со бул.„Климент Охридски“, - од јужна страна со крак на ул.„Климент Охридски“	Самофинан сирање
4	Блок 3-а (дел)	самофинанс ирање
5	Дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, 6525, 6526 и 6527 КО Струмица	самофинанс ирање
6	Блок 4 (дел)	самофинанс ирање
7	ДУП за дел од Блок бр. 20 (Блок бр. 7 по ГУП),со граничен опфат: - од североисток, северозапад, југоисток и југозапад по ул. „Мито Хаџи-Василев – Јасмин“ и краци на истоимената улица	самофинанс ирање
8	ДУП за дел од блок 8, урбана единица 6 во Струмица со граничен опфат: - Од северна страна река „Водочница“, - Од источна страна ул.„Агроберза“, - Од јужна страна бул.„Гоце Делчев“, - Од западна страна КП бр.6272, КП бр.2060/2 и КП бр.2060/1.	Самофинан сирање
9	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 8 (КП бр. 108/2 КО Струмица)	Самофинан сирање
10	Блок 12 (дел)	Самофинан сирање
11	ДУП за дел од Блок бр. 21 (Блок 12 УЕ 2 согласно ГУП), сограничен опфат: - ул. „Младинска“, - ул. „Широк Дол“, - ул.„Методи Митевски“, и - ул.„Дрварска“	Самофинан сирање
	ДУП за дел од блок 21 (блок 12 согласно ГУП на град Струмица) со плански опфат во следните граници: - Од северозапад со осовина на ул.„Широк дол“;	Самофинан сирање
12	- Од североисток со осовина на крак на ул.„ Широк дол “; - Од југоисток со осовина на ул.„Крушевска Република“ и, - Од југозапад со осовина на ул.„Балканска“.	
13	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 13 УЕ2, по ГУП за град Струмица, со плански опфат со следните граници: - од западна страна со бул.„Маршал Тито“, - од јужна страна со ул.„Димитар Цветинов“, - од источната страна крак на ул.„Димитар Цветинов“,	Самофинан сирање

14	Дел од блок 14 (КП бр. 5763/1 и 5764 КО Струмица)	Самофинан сирање
15	ДУП за дел од Блок бр. 14,со граничен опфат: - ул.„Ѓорги Василев“; - ул. „Бр. 5“; - дел од ул. „Бр. 1“; и - ГП 14-40	Самофинан сирање
16	Детален урбанистички план за дел од блок 14 со плански опфатво следните граници: - Од север со осовина на ул.„Ценка Павлова“; - Од исток со осовина на ул.„Ката Поцкова “;Од југ со осовина на ул.„Ѓорѓи Василев“ и - Од запад со осовина на пешачка улица согласно ДУП за блок 14.	Самофинан сирање
17	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 14, со плански опфат помеѓу: - ул.„Бр.2“, - ул.„Бр.8“, - ул.„Климент Охридски“, - ул.„Бр.8“, - ул.„Бр.3“, и - ул.„Ката Поцкова“.	Самофинан сирање
18	ДУП за дел од блок 16 (блок 37/1 согласно ГУП на град Струмица) со плански опфат во следните граници: - Од северозапад со осовина на ул. „11 Октомври“; - Од североисток со осовина на ул.„Сава Ковачевиќ“; - Од југоисток со осовина на ул.„Ванчо Китанов“ и - Од југозапад со осовина на ул.„Наум Наумовски - Борче“.	Самофинан сирање
19	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 17 и 17/1 (КП бр. 7317/3 и 7317/4 КО Струмица)	Самофинан сирање
Во случаите за кои е предвидено комуналниот надоместок да може да се плати на рати, а инвеститорот се определи надоместокот да го плати во целост (без рати), Градоначалникот одобрува износот на комуналниот надоместокот да се намали за 8%, кој ке биде пресметан во склоп на пресметката за уредување на градежно земјиште.

Во случаите во кои инвеститорот има склучено договор за плаќање на комуналниот надоместок на рати и истиот побара остатокот од долгот да го плати во целост, Градоначалникот со посебно решение одобрува износот од отстатокот на комуналниот надоместок да се намали за 8%, за недоспеаните рати за плаќање.

13. Во текот на 2023 година од наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се ослободат сите јавни служби основани од Општина Струмица.

14. Во текот на 2023 година, делумно се ослободуваат од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште во износ од 8,5% од утврдениот комунален надоместок, инвеститорите кои ќе инвестираат во изградба и оджување на природни зелени кровови.

Природните зелени кровови преставуваат уредени катчиња на крововите од објектите, засадени со природни растенија со вегетација и со уредени системи за одржување.

Во колку природниот зелен кров престане да фукционира и биде заменет со друг вид на кров сопственикот на објектот е должен да го надомести делот од средствата за кои е ослободен од плаќање.

За природните зелени кровови се води посебна евиденција, а надзор над нивното функционирање ќе врши Одделението за инспекциски работи од областа на урбанизмот, градежништвото и комуналните дејности при Општина Струмица.

15. Во текот на 2023 година, целосно се ослободуваат од плаќање на комунален надоместок за уредување на градежно земјиште, објектите за алтернативна енергија – фотоволтаици, кои инвеститорите ќе ги постават на крововите на постоечките или новоизградените објекти.“

15.1 За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01;

15.2 За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија(фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01“;

15.3 За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 11 од член 1 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уредност(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/16, 72/18 и 16/22);

15.4 За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од член 1 од Правилникот за изменување и дополнувањена правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/16, 72/18 и 16/22) ;

15.5 За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

VI. ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ОБЛАСТИ И ОБЈЕКТИ

1. **Ф2: Уредување на градежно земјиште (рушење): ..... 2.000.000 денари**

2. **ФА: Уредување на градежно земиште (капитални трошоци)..... 126.000.000 денари**

ред. бр.	проект
1.	Експропријација
2.	Индустриски зони.-пробивање, тампонирање и асфалтирање на улици
3.	Улици во касарна и други урбанизирани станбени блокови во град Струмица
4.	Пробивање на патишта и улици во Софилар
5.	Основни проекти и равизии за патишта, улици, улично осветлување, сообраќајни проекти.
6.	Изработка на проектно техничка документација за Мостови
7.	Изработка на сообраќаен проекти
8.	Повеќе годишни инвестиции за мост – за мост на река Водочница -14.200.000 и улица Крушевска Република 19.000.000
9.	*Кружен тек на ул. „24 Октомври“, Младинска и Братство Единство*
10	*Булевар Струмица- Дабиле*
11.	*Изведба на дел од бул. ,,Братство Единство”*
12.	*Изведба на дел од бул. ,,Климент Охридски” - најпрво мост или може паралелнои мост и булевар*
13.	*Изведба на дел од ул. ,,23ти Октомври” - прелог потег од ул.,,Стив Наумов” до ул.,,Ѓуро Салај” - најпрво треба да се направи измена и дополнување на постоечкиот проект за улицта.*
14.	Бетонирање на улици, сокаци и потпорни ѕидови во Турско маало
15.	Интервентни бетонски работи на територијата на општина Струмица
	Улици со втор слој асфалт
16.	Втор слој асфалт на ул.Младинска - *од бул.,,Гоце Делчев" до ул.,,Кр.Република"*
17.	Втор слој асфалт на сокаци на ул.Широк Дол
18.	Втор слој асфалт на ул.Ѓорѓи Трајков
19.	Втор слој асфалт на ул.Маврово
20.	Втор слој асфалт на ул.Н.Н. Борче – од ул.,,11-ти Октомври“ до ул.,,Ѓуро Салај“

21.	Втор слој асфалт на ул.Светозар Марковиќ - *од ул. ,,Херој Капрош" до ул. ,,Ванчо Прќе''*
22.	Втор слој асфалт на на сокаци на ул.Јанко Цветинов
23.	Втор слој асфалт на ул.Герас Цунев - *потег од општинска зграда до ул,,Боро Џони"*
	Изведба наТротоари
24.	**Тротоари од програма ФА- 2022**
25.	Изведба на тротоар на ул.,,Васил Сурчев" потег од ул.Братство Единство'' до ,,Нави Пром''.
26.	Изведба на тротоар на ул. "Ѓуро Салај" -лева страна (потег од ул. "Моша Пијаде" до ул. "бр.2'' Блок 38).
27.	Изведба на тротоар на ул."Херој Карпош'' (потег од ул.,,Ванчо Прке" до ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ'').
28.	Изведба на тротоар на ул."Ристоман Попчевски" (потег од ул.,,Спиро Захов" до ул. "11 ти Септември").
29.	Изведба на тротоар на крак од ул.,,Боро Поцков''.
30.	Изведба на тротоар на дел од ул. "Спиро Захов" -лева страна – кај саниран потпорен ѕид.
31.	Изведба на тротоар на ул.,,Ѓорѓи Трајков"
	Предлог тротоари за програма ФА- 2023
32.	Изведба на тротоари во населба Касарна.
33.	Изведба на тротоар на дел од бул.,,Ленинова" - покрај Основен Суд и цветен пазар
34.	Изведба на тротоар на дел од ул.,,Ѓорги Василев" - покрај СОУ ,,Никола Карев"
35.	Изведба на тротоар на ул.,,Цветан Димов" потег од ул. ,,Ѓуро Салај до спортско игралиште со вештачка трева

3.ФД: Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци) ..... 15.000.000 денари

р.б.		**Назив на проектот**
		с. Вељуса - 2023
	1	Уредување на простор околу чешма од Големо Лозје до Сандо Павлов во с. Вељуса
1	2	Беонирање на улица до селски гробишта во с.Вељуса
		с. Водоча - 2023
	1	Втор слој асфалт на спортско игралиште во с. Водоча (игралиште за мал фудбал)
2	2	Оградување на игралиште во с.Водоча
		с.Банско - 2023
	1	Поставување на бетонски пропуст на вода кај Абедин Рушидов во с.Банско
	2	Изградба на пропуст кај училиште во с.Банско
3	3	Изградба на парк на сред село во с.Банско

4		**с.Муртино - 2023**
	1	Рехабилитација на тротоари во с.Муртино
5		**с.Костурино - 2023**
	1	Тампонирање од улица од Глигор Куков до Тимчов Зоран во с.Костурино
		с.Добрејци - 2023
	1	Тампонирање на улица од Зеле пром до Ќосеви во с.Добрејци
	2	Оградување на парк на сред село и поставување на чешма во с.Добрејци
6	3	Реконструкција на тротоар на главна улица с.Добрејци
7		**с.Раборци - 2023**
	1	Тампонирање на улица во с.Раборци - во викенд населба.
		с.Свидовица - 2023
8	1	Оградување на игралиште во с.Свидовица
		с.Дабиле - 2023
	1	Реконструкција на тротоар на главен пат од училиште кон центар во с.Дабиље
	2	Оградување на парк во с.Дабиље
9	3	Изведба на тротоар во с.Дабиле – потег од крстосница до сверно огледало
		с.Рич - 2023
	1	Бетонирање на улица од Трајков Живко до Трајанов Драги во с.Рич
	2	Оградување на училишно игралиште во с.Рич
10	3	Бетонирање на одводен канал на игралиште покрај црква во с.Рич
		с.Попчево - 2023
	1	Бетонирање на улица од трансформатор до црква во с.Попчево
	2	Бетонирање на улица од Танчев Пандо до Стојанова чешма
	3	Изградба на потпорен ѕид од училиште до трансорматор во с.Попчево (8м)
11	4	Изградба на потпорен ѕид и поставување на бетонски цевки кај канал во с.Попчево (8м)
		с.Куклиш - 2023
12	1	Реконструкција на пропуст во населба Липа во с.Куклиш
		с.Просениково - 2023
13	1	Оградување и поставување на нови кошеви на детско игралиште во с.Просениково

4.ГАБ: Нова населба во турско маало ..... 97.670.000,00 денари

ред. бр.	**назив на активноста**
1	Нова населба во Турско маало
2	Експропиријација

5. ГАГ –Нов градски пазар ..... 2.000.000 денари.

ред. бр.	назив на активноста
1.	Нов градски пазар

6. ГАД – Габровски водопад ...7.000.000 денари

ред. бр.	назив на активноста
1.	Специјализирани возила за смет
2.	Изработка на 3 проекти за с. Габрово

7. Ј1: Снабдување со вода ..... 13.460.000 денари

ред. бр.	**назив на активноста**
1	Јавни чешми

8.ЈГ: Изградба на системи за водоснабдување ... 22.522.000 ден.

ред. бр.	**Назив на активноста**
1	Нови водоводи во град
2.	Кредит
3.	Нови чешми и водомоери во градот

9.ЈИ: Изградба на системи за одведување и прочистување на води ..... 20.000.000 денари

ред. бр.	**Назив на активноста**
1	нови канализации во градот

10.ЈЛ: Други Комунални услуги (капитални трошоци) ..... 10.812.000 денари

ред. бр.	Назив на активноста
1	Трансфер до ЈП" Струмица -Гас" за мрежа за гас
2	Кредит

11.ЈМ: Паркови и зеленила ..... 11.000.000 денари

ред. бр.	Назив на активноста
1	Нови зелени површини
2	Парк АТШ Берово

12.ЈН: Урбана опрема (капитални трошоци)..... 24.100.000 денари

ред. бр.	Назив на активноста
1	Набавка и реконструкција на урбана опрема (Клупи и канти, лежечки полицајци, реконструкција на фонтаните во градот, реконструкција и одржување на цвеќарници, оградување на тротоари покрај булевари и кружни токови, оградување на детски и спортски игралишта, нови клупи, платикомати и набавка на полуподземни контејнери)

VII. Надоместок за експропријација на градежното земјиште

За обештетување за градежно земјиште за пробивање на улици, тротоари и џебови на улици во градот Струмица и населените места ќе се наплаќа како што следува:

Градежно неизградено земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица:

1. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица ограничен со Генералниот урбанистички план, се определува спрема зоната во која се наоѓа, и тоа:

Во Прва зона .....1.200,оо ден/м^2;
Во Втора зона .....1.000,оо ден/м^2;
Во Трета зона ..... 800,оо ден/м^2;
Во Четврта зона ... .500,оо ден/м^2;

2. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на населените места ограничени со УДНМ или ГУП изнесува 200,оо ден/м^2 .

. 3. Вредноста на градежното неиградено земјиште надвор од потесниот градежен реон за кое постои урбанистички план, ќе се наплатува како што следува:

3.1. Во прва зона - покрај потесниот градежен реон на град Струмица (на пр. Пречистителна станица) .....400,оо ден/м^2 ;

3.2. Во втора зона - покрај магистрален пат и населените места со Одлука за определување на градежниот реон ..... 300,оо ден/м^2 ;

3.3. Во трета зона - покрај останати јавни патишта надвор од потесниот реон на населбите ..... 200,оо ден/м^2;

3.4. Во Четврта зона - во и покрај пасивните и заостанати населени места - Рич, Белотино и Попчев..... 40,оо ден/м^2.

VIII. Граници на зони во потесниот градежен реон на град Струмица

1. Прва зона - го опфаќа подрачјето во централниот дел од градот кој е ограничен со улиците:

Дел од ул. „Ленинова” покрај паркот пред зградата на Општината, ул.”Боро Џони”, “Орце Николов”, “Ванчо Китанов”, ја пресекува ул. “Благој Мучето”, кај споменикот на револуцијата, “24-ти Октомври”, “Младинска”, „Кр. Република”, “Димитар Влахов” и се затвора со ул. „Ленинова”.

2. Втора зона - го опфаќа подрачјето надвор од границите на прва зона и тоа:

Просторот ограничен со: патот М-6, ул.”Климент Охридски”, ул.”Ѓорги Упчев”, ул. „Бетовенова”, ул. „5-ти Ноември”, ул. „Стив Наумов”, граница на урбаниот опфат со ГУП, до спој со патот М-6.

3. Трета зона - го опфаќа просторот надвор од втората зона во рамките на градежниот опфат со ГУП и тоа источно од патот М-6, источно од бул. “Климент Охридски”, јужно од ул. “Ѓорги Упчев”, западно од ул. “Маршал Тито” и северно од границата на Урбан модул 26 дефиниран со ГУП на град Струмица.

4. Четврта зона - го опфаќа просторот на повисокиот дел на градот и тоа над улиците: “Бетовенова”, Славчо Стојменски”, Бел Камен”, “Пиринска”, “Партизанска”, ја пресекува ул. “Васил Главинов” и од над ул. “Стив Наумов”.

IX. Завршни одредби

Започнатите постапки за издавање на одобрение и на одобрение за употреба ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на стапувањето во сила на оваа Програма, а спрема законски предвидениот рок за завршување на тие постапки.

X. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08- 10373/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....

472.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локанитепатишта и улици на територијата на општина Струмица за 2023 година

1. Цели на Програмата

Стратешка цел на Општина Струмица е да ги одржува постоечките и да изгради нови локални патишта и улици

за непречен сообраќај, како и да гради и одржува хоризонтална и вертикална сигнализација, според техничките нормативи, стандарди и прописи за безбедноста на сообраќајотна патиштата.

Цел на програмата е превземање на активности за одржување на функционална состојба на општинките улици и патишта за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Струмица.

Предмет на Програмата е превземање на активности кои се однесуваат на редовно, периодично и интервентно одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Струмица во текот на 2023 година.

2. Предвидени активности:

2.1. Преку Програмата Ј6: Одржување и заштита на локалните патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај, обезбедуваат средства за крпење на ударни дупки, средства за зимско одржување на улиците и локалните патишта, хоризонтална и вертикална сигнализација, како и за чистење на сливници покрај локалните патишта и улици и замена на капаци и решетки на сливници.

Ј6: Одржување и заштита на локалните патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај .....10.600.000 денари

р.б.	Назив на активноста
1	Одржување и заштита на локални патишта , улици и мостови и регулирање на режимот на сообраќај (крпење на ударни дупки, зимско одржување (сол и механизација, хоризонтална и вертикална сигнализација, чистење на банкини и сливници покрај пат, замена на капаци и решетки на сливници)

2.2. Преку Програмата ЈД - Реконструкција на локални патишта и улици се определуваат средства и се определуваат локации за реконструкции и санации на улици во населените места од подрачјето на општина Струмица и тоа:

ЈД: Изградба и реконструкција на локални патишта и улици (капитални расходи) ..... 20.000.000 денари

р.б.	Назив на проектот
I.	**с. Вељуса - 2023**
1	Асфалтирање на улица во с.Вељуса од Божинов Ристо до АдамовРоберт
2	Асфалтирање на улица во с.Вељуса од Јосив Плавчев до Глигоров Александар
II.	**с.Баница - 2023**
1	Асфалтирање на улица од Џамија до дедо Трајан во с. Баница - прва фаза (200-300)м.(околу 250м1)
III.	**с.Банско - 2023**
1	Асфалтирање на улица од Рустем Салиев до Аки Алиев во с.Банско
IV.	**с.Муртино - 2023**
1	Асфалтирање на улица кај Јовов Наце во с.Муртино

2	Асфалтирање на џеб од Панов Бранко до Панов Миле во с.Муртино
3	Асфалтирање на улица од Танушев Ване до Јовев Здравко
V.	**с.Сачево - 2023**
1	Довршување на главен пат на влез во с.Сачево
VI.	**с.Костурино - 2023**
1	Асфалтирање на улица од Клепов Ицо до Чирков Драги во с.Костурино
VII.	**с.Добрејци - 2023**
1	Втор слој асфалт на пат кон гробишта од Вучковски Сандо до Колевски Борко во с.Добрејци
2	Асфалтирање на улица од мајстор Стојан до мајстор Љупчо во с.Добрејци
VIII.	**с.Раборци - 2023**
1	Асфалтирање на улица од Ружица Наскова до главен пат (прво да се заврши со пруклучоци за водоводна линија) во с.Раборци
IX.	**с.Свидовица - 2023**
1	Асфалтирање на улица од Турски гробишта до училиште во с. Свидовица
X.	**с.Дабиле - 2023**
1	Асфалтрирање на улица од Велков Ице до Тупачев Никола во с.Дабиље
XI.	**с.Рич - 2023**
1	Асфалтирање на улица од Трајков Здравко до Роби Ѓоргиев во с.Рич

XII.	**с.Куклиш - 2023**
1	Асфалтирање на улица од Венка Мечева до Триводалиеви во с.Куклиш
2	Асфалтирање на улица од Кршков Ратко до Крпков Ване
XIII.	**с.Просениково - 2023**
1	Реконструкција на улица од центар на село до црква вос.Просениково

3. Средствата за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат од Буџетот на општина Струмица и Јавното претпријатие за државни патишта.

4. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10374/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....

473.

Врз основа на член 80-а став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе:

П р о г р а м а
за поставување на времени објекти и урбана опрема на територијата наОпштина Струмица за 2023 година

Со оваа Програма се уредуваат видовите и локалитетите на кои можеда се поставува урбаната опрема.

Оваа Програма се донесува за 2023 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште.

I. Цел на Програмата

Со Програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на општината;
- Естетско - обликувани подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина,
- Вработување на невработени лица,
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба и сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредна близина (продажба на билети за јавен превоз, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвекиња, храна).

II. Критериуми за определување на видот на урбана опрема

III.

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми, како што се намена и површина наменета за вршење на дејноста;
- Естетско-морфолошки критериуми;
- Материјално експлоатациони критериуми, кои ги одредуваат економските аспекти, категорија време и објекти.

Урбаната опрема која се поставува на подрачјето на ОпштинаСтрумица треба Да ги задоволува основните барања за градба, согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16).

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и треба да се обезбеди непречен пристап до истата.

При поставување на урбаната опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со посебни потреби.

Поставување на урбана опрема покрај станбени згради (дворните места на станбените згради може да се користат само во согласност на станарите) согласно со Одлуката за определување места-локации и работното време за вршење на трговски дејности од мал обем (Сл.гласник на општина Струмица бр.1/06).

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се

намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелената површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбаната опрема се врши на начин што нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин, без оштетување на подлогата.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи,освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со количка.

Површината што служи за употреба на времените објекти и урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди:

1. Поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80м од ивицата на коловозот (корпа за отпадоци, жардињери, рекламни паноа и др.) односно 1,50 м до 2,50 м од ивицата на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци).
2. Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,40 м, а при поставување на настрешници минималната височина изнесува 3,20 м над слободната проодна површина.
3. Поставувањето на урбаната опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност е дозволено само во широчина на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од другите прописи.
4. Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.
5. При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,50 м.

Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница, помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1,20 м.

Широчината на слободната проодна површина на тротоарите се мери од ивицата на коловозот или велосипедска патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото, на комуналниот или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

6. Поставувањето на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,00м од просечната точка на двете регулациони линии. Доколку пешачката површина е поголема од 5,00 м во радиус на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,50 м од работ на коловозот, односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).
7. Со поставување на урбаната опрема во ниеден случај не смее да се ограничи движењето на пешаците по тротоарот,видното поле на автомобилите ако објектот се наоѓа на крстосница,како и нивна безбедност.

Слободната проодна површина се мери од работ на коловозот до поставената урбана опрема и изнесува 1,50 метри,освен во исклучителни ситуации во зависност од теренот таа може да изнесува 1,20 метри,таму кај што има изградено велосипедска патека,проодната површина се мери од рабникот на велосипедската патека до монтажно — демонтажни полици (рафтови).

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

1. Соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електро напојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица, односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

2. Примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно-демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови — со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
3. Согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење, видот на дејноста која се врши и слично.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Објектите што се урбана опрема може да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 3,5 м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребниот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15 см.

IV. Видови урбана опрема

1. Платформи

Платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или не изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде неспоредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

При поставување на платформите за спортски, културни, туристички и забавни (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, корисникот е должен да плати комунална такса за целиот простор каде е поставена платформата без оглед на нејзината големина.

2. Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град, возен ред и друго) и огласување за кутурно- уметнички, спортски и Други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

3. Монтажно-демонтажни типски објекти

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, брза храна, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи. Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации како и придружни објекти во функција на настаните.

- **Обликовни услови**

Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема.Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот без можност за истакнување на други рекламни пораки.

Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.

На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

- Сообраќајни услови

Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци,лица со посебни потреби и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5 м до 2,5 м, а од раскрсница мин. 10,0 м од почетокот на радиусот за десно свртување.

-Технички услови

При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко. Бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија и приклучок на комунална инфраструктура.
Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на стока да се изведат од непропусен и неотровен материјал кој не впива и којлесно се чисти.

- **Услови за поставување на типски објекти**

Типот и формата на овие објекти ќе ги утврди општината по пат на конкурс за избор на идејно решение. Вака утврдените објекти можат да бидат поставени од страна на општината, односно од страна на заинтересирани субјекти. Начинот на кој ќе бидат поставени овие типски објекти го утврдува Градоначалникот. Издавањето на типските објекти поставени од страна на општина Струмица ќе се издаваат по пат на јавен оглас со јавно наддавање.

Поставување на типски објекти од страна на заинтересирани субјекти исто така ќе се врши по претходно објавен јавен оглас за јавно наддавање за добивање право на поставување на типските објекти. Субјектот со кој ќе биде склучен договор може да постави само објект во тип и форма утврдена од општина Струмица. Локациите за поставување на типски објекти се утврдуваат со годишната програма за поставување урбана опрема на територијата на општина Струмица. Почетната цена за јавно наддавање во двата случаи ја утврдува Советот на општината со посебна одлука.

4. Објекти за обезбедување

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0 м^2 за нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

5. Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни суви санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Тоа се типски објекти кои времено се поставуваат при организирање на јавни настани на отворено на кои се очекува зголемено присуство на луѓе.

6. Тераси, шанкови и настрешници

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 142/15, 217/15, 222,15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини-тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот односно пристап на возила за јавни служби.

За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истите може да се покриени со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Поставувањето на урбана опрема од типот на тераси, шанкови и настрешници, задолжително е изготвување на елаборат со кој се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м а за висока маса прилепена на излог и бочно столови,минималната ширина изнесува 0,65м.

Чадорите се со минимална слободна височина од 2,4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат да ја надминат линијата на одобрениот простор, можат да ја накриват само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени на подлогата.

Тенди се типски-монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуват доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летни тераси минималната слободна височина изнесува 3,2 м.

Поставена и монтирана тенда смее да го накриви само одобрениот простор за летна тераса.

Натстрешница е лесен монтажно-демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина до 0,8м.

Оградите и жардињерите треба да биде изведена од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставува само помеѓу соседни летни тераси.

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на плоштади-сквер, вопарк, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

7. Самостоечки рекламни паноа

Самостоечки рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците на патиштата а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16) и Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр.16/08, 13/09 и 12/10).

Табеларен приказ:

			Цена на локација(месец/денари)	
Рб.	**Вид на рекламни табли**	**Големина макс/парче**	**За комерцијални потреби**	**За сопствени потреби**
1.	Рекламни знамиња-јарболи	до: 12м^2	/	100,00
2.	Рекламни табли-паноа	до: 6м^2	400,00	300,00
3.	Рекламни табли-паноа	од:6,1м^2 до:12м^2		
4.	Рекламни платна на градежни скелиња и објекти	до: 60м^2	30,00	50,00
5.	Транспаренти-банери(платна)	до: 12м^2	1.000,00	/
6.	Рекламни столбови-тотеми	до: 6м^2	400,00	300,00
7.	Осветлени витрини рекламни (city light)	до: 3м^2		
8.	Големо рекламно пано како ограда на градилиште или на земјиште што не е приведено кон намена	до: 12м^2/табла	300,00	150,00
9.	Рекламни уреди и конструкции (Prisma vision,display …) на влез вонаселено место и шеталиште	до: 20м^2		
10.	Рекламни табли на мостовии надвозници	до: 12м^2/табла	500,00	400,00
11.	Рекламни табли на столбовиза улично осветлување	до: 1м^2	150,00	100,00

Напомена: Од оваа табела се иземат редните броеви 3, 7и 9 за кои ќе се организира јавно надавање.

8. Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште).

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно затаа намена.

Детско игралиште не може да се постави во уредено зеленило, освен во исклучителни ситуации каде за тоа донесува одлука Советот на општина Струмица.

9. Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0 м х 1,2 м за лица со посебни потреби.

Корпите за отпадоци можат да бидат слободностоечки или прикачени на столбови за јавно осветлување како и на фасадата од објектот.

10. Паркиралишта за велосипеди

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на општината.

11. Жардињери, граничници

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0,80 м.

12. Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во општината определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Површината на тезгите трба да изнесува од 2,0 до 4,0 м ^{2}.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациските услови, со високи естетско- функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

13. Монтажно–демонтажни полици (рафтови)

Полици(рафтови) се елементи направени од метал,дрво,пластика или друг материјал, кои служат за изложување на дел од својот асортиман за продажба пред деловенен простор.Истите не смеат да ја надминат максимална широчина од 1,0м и височина од 2,0м,се поставуваат во широчина на деловниот објект.

14. Подвижни направи

Под поимот подвижни направи се сметаат: Штандови, колички за продажба на разни артикли,фрижидери за продажба на сладолед,камп- приколки,печки и направи за печење на разни плодови (крофни,костени,бадеми,лешници,пуканки и слично),направи за чистење на чевли и слични направи.

Тука спаѓаат и подвижните огради кои се поставуваат на отворен простор пред угостителските,занаетчиските и други дуќани,шатори во кои се обавува угостителска дејност,луна паркови,забавни игри,автомобили(картинг),лотари- Ски наградни игри,столови и маси за потребите на угостителството и сл.

15. Подвижни направи(елементи) за потребите на градилиште

Под поимот подвижни направи за потребите на градилиштето се сметаат:Заштитните огради(со кои се оградуваат градежните парцели),градежно скеле и други елементи кои се потребни за изведување наградежните работи.

Во случај кога тротоарот или јавната површина не ги дозволува пропишаните параметри,Барателот е должен да обезбеди не пречен и сигурен проток на луѓе под градежното скеле или поред градежната ограда.

По заавршувањето на градежните работи,Барателот е должен,јавната површина која ја користел за изведување на градежните работи, да ја доведе во првобитната положба,односно да ја донесе до стабилност која нема да го загрозува сообраќајот во рок од 5 дена после истекот на важноста на одобрението кое му било издадено за користење на јавна површина за потребите на градилиштето.

Барателот е должен со голема претпазливост да ги извршува градежните работи во однос на безбедноста на пешаците кој се движат на местото за кое е поднесено барањето за користење на јавната површина и доколку се случат некои несакани последици (материјални,субјективни или објективни штети)паѓаат на товар на Барателот.

16. Автобуски постојки

Со Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Струмица за 2023 година се утврдуваат четири микролокации за поставување на типска урбана опрема –автобуски постојки за потребите на јавниот превоз на ученици на ниво на општина Струмица. Микролокациите се поставени на места каде има поголема фрекфенција на ученици во близина на средношколскиот интернат, Основно училиште, градинка и средно училиште.

На коловозот пред постојките потребно е да се постави хоризонтална сигнализација "резервирани за автобуски стојалишта", според член 5 (ознака 8.51) од Правилник за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација на патот, сл.весник 47/2010.

МИКРОЛОКАЦИЈА 1

Позицијата на оваа автобуска постојка е во непосредна близина на Средношколскиот интернат Димитар Влахов, на бул Ленинова, на платото на поранешна трафика кој е дислоцирана. На оваа локација е предвидена Типска Автобуска постројка — ТИП А, која е прикажана во графичкиот дел од елаборатот.

МИКРОЛОКАЦИЈА 2

Позицијата на оваа автобуска постројка е во непосредна близина на паркот, на бул Ленинова, после Пензионерскиот дом. За оваа постројка потребно е да се изведе бетонска подлога на која ќе се постави. Предвиденое постројката да не го попречува пешачкото движење на тротоарот на булеварот Ленинова. На оваа локација е предвидена Типска Автобуска постројка — ТИП А1, која е прикажана во графичкиот дел од елаборатот.

МИКРОЛОКАЦИЈА 3

Позицијата на оваа автобуска постројка е помеѓу оОУ Никола Вацаров и Детската градинка, односно на платото пред постоечката котлара помеѓу двата објекти, на ул Младинска. Предвидено е постројката да не го попречува пешачкото движење на тротоарот на улицата. На оваа локација е предвидена Типска Автобуска постројка — ТИП А, која е прикажана во графичкиот дел од елаборатот.

МИКРОЛОКАЦИЈА 4

Позицијата на оваа автобуска постројка е во непосредна близина на СОУ Никола Карев, , на ул Ѓорѓи Василев. За оваа постројка потребно е да сеизведе бетонска подлога на која ќе се постави. Предвидено е постројката да не го попречува пешачкото движење на тротоарот на улицата. На оваа локација е предвидена Типска Автобуска постројка — ТИП А-дупла, која е прикажана во графичкиот дел од елаборатот.

Микролокации за поставување на урбана опрема на автобуски стојалишта и постојки на територијата на општина Струмица :

Во населено место Куклиш на К.П.бр.5341/1 К.О. Куклиш (крстосница на делница од Р 1402 Куклиш — Н.Коњарево во ценатар на село, со локални улици кој водат до Црква и Училиште во населеното место) (графички прилогсо микролокација бр.1/2019)

Во населено место Свидовица на К.П.бр.1552/7 К.О. Свидовица (крстосница на делница од Р 1402 Куклиш — Н.Коњарево со локален пат кој води кон населеното место непосредно пред училиштето) (графички прилог со микролокација бр.2/2019):

Во населено место Банско на К.П.бр.1067 К.О. Банско (во центарот на населеното место каде се крстосуваат повеќето улици во населеното место и во непосредна близина на Заводот за рехабилитација за лица со посебни потреби во н.м. Банско) (графички прилог со микролокација бр.3/2019) :

Во населено место Габрово (крстосница на делница од Р 1402 Куклиш

– Н.Коњарево со локален пат кон населеното место) на К.П.бр.2349 К.О.Габрово (графички прилог со микролокација бр.4/2019)

–

Во населено место Габрово (крстосница на делница од Р 1402 Куклиш – Н.Коњарево со локален пат кон населеното место) на К.П.бр.2349 К.О.Габрово (графички прилог со микролокација бр.4/2019)

Во населено место Муртино на К.П.бр.4769/1 К.О. Муртино (непосредно пред училиштето и општинскиот објект во населеното место) (графички прилог со микролокација бр.5/2019) :

Во населено место Сачево на К.П.бр.556 К.О. Сачево (во центарот на населеното место непосредно пред училиштето) (графички прилог сомикролокација бр.6/2019) :

Во населено место Добрејци на К.П.бр.2493/1 К.О. Добрејци (во центарот на населеното место непосредно пред училиштето) (графички прилог со микролокација бр.7/2019) :

Во населено место Дабиље на К.П.бр.3673/2 К.О. Дабиље (во центаротна населеното место во непосредна близина на Домот во н.м. Дабиље)(графички прилог со микролокација бр.8/2019) :

Во населено место Просениково на К.П.бр.2089/1 К.О. Просениково (воцентарот на населеното место),(графички прилог со микролокација бр.9/2019)

Во населено место Г.Балдовци помеѓу К.П.бр.1110 и 1111 во К.О. Г.Балдовци(во центарот на населеното место непосредно пред училиштето), (графички прилог со микролокација бр.10/2019) :



Во населено место Костурино на помеѓу К.П.бр.3734 и 3951 во К.О. Костурино (во центарот на населеното место непосредно пред Домот во н.м. Костурино) (графички прилог со микролокација бр.10/2019):

За останатите населени места не се утврдени микролокаци за поставување на автобуски постројки. Истите локации во овие населени места дополнително ќе бидат утврдени од страна на стручни лица од Секторот за урбанизам и комунални работи при општина Струмица.

V. Дејности кои можат да се вршат во објекти на урбана опрема

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2 став 4 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16).

VI. Преглед на локации на постојна урбана опрема

Секторот за урбанизам и комунални работи, ќе изготви табеларен преглед на евидентираната урбана опрема по локалитети. Во табеларниотпреглед ќе се дадат следните информации:

- нумерација на објектите,
- ознаки на намена на објектите,
- урбана опрема
- КП каде се наоѓа урбаната опрема,
- местоположба, улица и број на урбаната опрема,
- Тип на урбана опрема,
- површина во м^2
- намена,
- сопственост,
- легалитет,
- степен на уреденост,

Графичкиот дел е составен од графички прилози во кои се опфатени најфрекветните улици и булевари во град Струмица, со обележување на постоечките времени објекти, микро локации и регулациони линии.

Ул Благој Ј. Мучето од бр.22 до споменик на Благој Мучето



Оваа улица е посебно обработена од причина што по нејзината должина се концентрирани угостителски објекти и летни тераси пред нив, како и подвижни објекти (тезги).

Посебни Услови за поставување урбана опрема на наведената улица:

-проодниот профил на пешачката улица изнесува 5,5м и задолжително треба да биде слободен за пешачко движење без никакви бариери;

-максималната широчина од двете страни за поставување на урбана опрема е регулирана со регулациона линија и изнесува 2,5м;

1. Наткриени тераси пред постоечките угоститески објекти како и поставување на маси и столови се дозволува само до регулационата линијата во широчина на објектот.
2. За поставување подвижни и монтажно-демонтажни тезги се предвидени типски модули (позиции) со димензии од 4м² до 10м² во кој е вклучен и манипулативниот простор за потрошувачите како и поставување на корпа за отпадоци.

Во графичкиот прилог (1) на Програмата за овој дел, прикажана е организацијата на поединечниот модул (позиција) , како и појасот покрај улицата во кој тие модули може да се распоредуваат (според покажаниот интерес.) Сите модули (позиции)се нумеризирани и изнесуваат 28 на број.

Обележувањето на модулите на теренот ќе се врши од страна на Секторот за урбанизам и комунални работи со максимално водење сметка да не се нарушат пристапите и нормалното функционирање на постоечките објекти во позадината . Исто така просторите околу постоечките клупи за седење треба да останат слободни.

За сите објекти и опрема важат претходно наведените општи услови воовaa Програма.

Ул Благој Ј. Мучето од бр.10 до нова стоковна куќа

Посебни Услови за поставување урбана опреме на наведената улица:

-максималната широчина од страна на старата стоковна куќа за поставување на урбана опрема е регулирана со регулациона линија и изнесува 3,5м;

-од другата страна на оваа регулациона линија не е дозволено поставување на маси и столови,чадори и друга опрема за потребите наугостителството;

На наведениот дел од улицата (прилог 2) се дозволува поставување маси и столови за потребите на угостителска дејност пред постоечките објекти, наткриени со тенди и чадори во ширина на појас обележан во графичките прилози.

Ул. Благој Ј. Мучето од бр.2 до бр.10



Посебни Услови за поставување урбана опреме на наведенатаулица:

-максималната широчина на оваа страна за поставување на урбанаопрема ќе изнесува 2,50м; (прилог 2)

Ул.Благој Ј.Мучето од бр.1 до бр.19



Посебни Услови за поставување урбана опреме на наведената улица:

-максималната широчина на оваа страна за поставување на урбана опрема ќе изнесува 2,5м; (прилог 2)

Ул.Јосиф Ј. Свештарот(од кино Балкан до хотел Есперанто)

Посебни Услови за поставување урбана опрема на наведенатаулица:
-максималната широчина за поставување на урбана опрема на овој потег изнесува од објектот до работ на патеката наменета за пешаци согласно со графичкиот дел од програмата; (прилог 3).
-на овој потег дозволено е поставивање на урбана опрема од двете страни (маси и столови за потребите на угостителството, тенди со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина, чадори за сонце, фрижидери и др). Сите овие елементи не смеат да ја поминат регулационата линија.

Бул.Маршал Тито

Посебни Услови за поставување урбана опрема на наведената улица:

-на овој дел од градот е концентриран поголем број од деловните објекти, заради потребата од изложување на дел од својот асортиман, според графичкиот приказ (прилог 4) е определена регулациона линија пред деловните објекти, која во широчина изнесува максимум 1,5м и се мери од почетокот на објектот во правец на пешачката зона. (Во исклучителни околности, за време на празници, презентација и друго можат да се постават урбани елементи и надвор од регулационата линија најмногу во рок на траење од 30 дена).

-во графичкиот прилог (прилог 4) на Програмата, за овој дел од градот, прикажана е организацијата на поединечниот модул (позиција) ,како и појасот покрај тротоарот во кој тие модули може да се распоредуваат (според покажаниот интерес.) Сите модули (позиции) се нумеризирани и изнесуваат 22 броја и се со површина од 2м² до 6м². Овие позиции претежно се наменети за продажба на цвеќе, рачни ракотворби, сувенири, грнчарство, продажба на слики и сл. По завршувањето со работата, елементите кои се поставуват на определената позиција треба да се отсрануваат во целост.

Посебни Услови за поставување урбана опрема (самостоечки реклами или рекламни табли) на наведената улица/булевар:

-Булевар:Ленинова,Гоце Делчев,Маршал Тито,Климент Охридски
-Улица:Балканска,Маршал Тито

На горенаведените улици/булевари не се дозволува поставување на самостоечки рекламни паноа или рекламни табли во разделните острови во кој има поставено жардинерии поради намалување на видното поле на учесниците во сообраќајот, а исто така ќе влијае врз хортикултурно уредување на самите жарданерии и врз нивниот естетски изглед.

VII. Планирана диспозиција на урбаната опрема

Секторот за урбанизам и комунални работи ќе изготви табеларен преглед на диспозицијата на планирана урбана опрема по локалитети. Во табеларниот преглед ќе се дадат следните информации:

- нумерација на објектите,
- модул,
- ознаки:

Н - нова урбана опрема,
ОН - урбана опрема што се отстранува и се заменува со нова,О - урбана опрема што се отстранува,
З - урбана опрема што се задржува,

- КП каде се предвидува урбаната опрема,
- местоположба, улица и број на урбаната опрема,
- Тип на урбаната опрема,
- површина во м^2,
- намена

VI.Начин и услови за поставување и одржување на урбанаопрема

Согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот ибезбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Струмица.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава Градоначалникот на општина Струмица.
Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема во соодветен размер.

Согласно Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на урбана опрема и начинот на неговото издавање (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/08), Одобрението за поставување на урбана опрема се издава на образец во формат А4.
Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот преглед.

Точното позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет.

Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управување со градежното земјиште.

Општина Струмица согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16) води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистарот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управување со градежното земјиште.

Утврдувањето на висината на комуналната такса е регулирана согласно Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во член 4 Тарифен број 3 и Тарифен број 7 по 1м2 — дневно е 5 денари. (Сл.гласник на општина Струмица бр.11/05, 20/06 и 01/14).

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Струмица, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението за поставување на урбана опрема го издава Градоначалникот на општина Струмица.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- раткотрајно, за време од 24 часа;
- сезонско, за период од 3 до 6 месеци и
- годишно, за период од 1 година.

Одобрението за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање, кое се доставува заедно со комплетна документација итоа:

1. За урбана опрема (постоечки монтажно – демонтажни објекти):

- Документ за регистрирана дејност од Централен регистар,
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација,
- Доказ за регулирано плаќање на комунална такса,
- Извод од Програма од член
- Склучен договор со Општина Струмица за поставување урбана опрема, Одобрението за поставување урбана опрема (постоечки монтажно – демонтажни објекти), да трае најмалку 2 години, согласно склучениот договор.

2. За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа:тераси со или без тенда, покриени и непокриени шанкови

- Доказ за платена административна такса
- Тековна состојба, документ за регистрирана дејност од Централен регистар не постар од 6 месеци,
- Елаборат, нацрт шема за микролокација за јавната површина која ќе секористи.

3. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, рекламни и информативни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларните претставништа, на објекти на државната управа и на резиденцијалните објекти

- Извод од Програма ,
- Ревидиран основен проект,

4. Клупи, чешми, корпи за отпадоци, телефонски говорници, автобуски постојки, платформи за јавни манифестации и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност

- Извод од Програма ,
- Ситуација со обележена локација на урбаната опрема со размер.

5. Фонтани

- Извод од Програма ,
- Ревидиран основен проект,

6. Тезги и елементи за изложување на производи(рафтови)

- Доказ за платена административна такса
- Тековна состојба, документ за регистрирана дејност од Централен регистар не постар од 6 месеци (за правни лица),
- Лична исправа на барателo (за физички лица),
- Елаборат или ситуација со обележана локација на урбаната опрема воразмер,

7. Самостоечки рекламни паноа и рекламни табли

- Доказ за платена административна такса,
- Тековна состојба, документ за регистрирана дејност од Централенрегистер за постар од 6 месеци (за правни лица),
- Лична исправа на барателот (физички лица),
- Елаборат или ситуација со обележена локација на урбаната опрема воразмер
- Елаборат или проект за статика (за елементи поголеми од 6м²)

8. Подвижни направи(елементи) за потребите на градилиште

- Доказ за платена административна такса
- Тековна состојба, документ за регистрирана дејност од Централен регистар не постар од 6 месеци (за правни лица),
- Лична исправа на барателo (за физички лица),
- Елаборат или ситуација со обележана локација на урбаната опрема воразмер,
- Одобрение/решение/дозвола за градба на објекти.

Постапката по барање ја спроведува надлежниот Сектор за урбанизами комунални работи на Општина Струмица.

Надлежниот сектор на Општина Струмица врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето, од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во одлуката за отврдување на стандардите за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Струмица.

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое едадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување,
- не се поставува по акти на надлежни инспекции, издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластување,

Во случаите од претходно наведеното, ново одобрение нема да се издаде во наредниот период од 6 месеци.

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобрението не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно — техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

Даденото одобрение за поставување на урбана опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со Закон.

VIII. Извори за финансирање на Програмата

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Струмица се финансира од Буџетот на општината за 2023 година.

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

IX. Динамика на реализација на Програмата

Динамиката на реализација на програмата ќе зависи од створенитеправни и технички услови.

X. Вршење надзор

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16).

XI. Преодни и завршни одредби

Реализација на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Струмица во соработка со Секторот за урбанизам и комунални работи.

Програмата може да се дополнува, изменува и проширува на секоја наредна седница согласно со потребите на Општината и доставените барања до Општина Струмица од сите правни и физички лица.

XII. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10375/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....

474.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2023 година

I. Вовед

Во рамките на Секторот за Локален економски развој и Заштита на животната средина, во рамките на своите надлежности работи и делува Одделението за ЛЕР, кое што подготвува и спроведува активности во рамките на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот Економски развој и Туризмот – поточно Програма G1- Подршка на ЛЕР

Одговорни за реализацијата на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и Туризмот за 2023 година, посебно на Г1 програмата- Поддршка на ЛЕР како дел од вкупната програма и во таа насока следењето на реализацијата и известувањето за реализацијата е Одделението за Локален економски развој во Општина Струмица, преку Раководителот на Одд за ЛЕР со одобрување и потврда на Раководителот на Секторот.

II. Цел на програмата

Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот претставува организирана дејност, со која се утврдуваат и реализираат заеднички проекти за создаваање услови за одржлив локален економски развој и туризам.

Програмата е конципирана врз основа на одредени приоритети, активности и потреби на граѓаните, нотирани во стратешкит документи кои ја обработуваат областа ЛЕР како општинска политика, изготвени на партиципативен начин/модел со учество на сите засегнати страниза, особено со непосредно учество на граѓаните во процесот на планирање, креирање и одлучување (сите форми на партиципативно учество-консултација утврдени со Статутот на општината), како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други организации.

Целта е создавање услови за одржлив локален економски развој и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на подрачјето на Општината.

1. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во текот на 2023 година ќе биде насочена кон поддршка на локалниот економски развој како и поттикнување на развојот на туризмот и земјоделството како една од водечките гранки во општината, осврнувајќи се и прилагодувајќи се кон потребите и приоритетите на граѓаните во локалната заедница.

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни процеси согласно постојните стратешки документи и планови, особено новата пет годишна Стратегија за ЛЕР .

III. Програмски активности

Имајќи во предвид дека Одд за ЛЕР е одговорно за реализација на Програма за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот – поточно Програма G1- Подршка на ЛЕР за 2023 година, Активностите на Одделението за ЛЕР кое предлага и извршува дел од целокупната програма ќе бидат насочени кон остварување на целите и активностите на Програмата во контекст на реализацијата на зацртаните и важечките „Стратешки документи“, особено на Стратегијата за локален економски развој на Општина Струмица 2022-2026 година, како и утврдените приоритети на граѓаните за 2023 година се со една единствена цел да ја зајакне локалната економија преку нови можности за бизнис заедницата и граѓанскиот сектор за да го подигне нивото на квалитет на живот, односно стандардот на граѓаните.

Предлог активности составен дел на Програма G1- Подршка на ЛЕР за 2023 година

1. Реализација на планирани приоритети од Стратегијата за ЛЕР на Општина Струмица 2022-2026 година за фискалната 2023 година, посебно дополнително определени низ процесот на јавна консултација со граѓаните....*во рамките спроведени поединечни процедури согласно потребата (Јавни огласи, Меморандуми, Договори) во целост компатабилни со Позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.*

2. Реализација на приоритетни активности во рамките на практикувањето на трипартитниот социјален диалог помеѓу општината, бизнис заедницата и синдикатот, произлезени од работата и функционирањето на Локалниот економско социјален совет на Општина Струмица во 2023 година (ЛЕСС)*... во рамките спроведени поединечни процедури согласно потребата (Јавни огласи, Меморандуми, Договори) во целост компатабилни со Позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.*

3. Реализација (финансиска поддршка) на активности како дел од работата и функционирањето на новиот Регионален центар за одржлив развој (инкубатор за бизнис и земјоделие) сместен во просториите на Повеќенаменскиот центар во касарната за 2023 година.... *во рамките спроведени поединечни процедури согласно потребата (Јавни огласи, Меморандуми, Договори) во целост компатабилни со Позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.*

4. Реализација на активности во рамките на промоцијата на локалните бизнис можности и достигнувања на Општина Струмица како потик за развој на локалната економија во процесот на унапредување на севкупниот

локален бизнис амбиент... *во рамките спроведениа поединечна процедура согласно потребата (Јавн оглас, Меморандум, Договор) во целост компатабилна со Позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.*

5. Обезбедување на проектно техничка документација за три нови проритетни проекти (капитални-инфраструктурни) заради подготвеност на одделението за аплицирање на предстојните јавни повици во 2023/24 година надвор од општинскиот буџет, односно од други домашни или меѓународни извори на финансирање по *спроведување на законска процедура(постапка) – ЈАВНА НАБАВКА за избор на најповолен понудувач за подготовка на техничка документација,*

6. Општински фонд за партиципативно учество (партиципација)во аплицирани-одобрени проекти (инфраструктурни-капитални) од АФПЗРР, БРР, како и други домашни и меѓународни организации/фондови како извори на финансирање потребни за период од целата фискална година, *согласно претходно утврдена процедура (договр или меморандум) со организациите кои како донатори обезбедуваат дел од вкупната вредност на проектите.*

7. Поддршка на проекти-проектни иницијативи од Граѓански организации за 2023 година, заради вклучување на граѓанскиот сектор во унапредување и зајакнување на животот на граѓаните во рамките на општинските приоритетни области, согласно спроведена интерна процедура во рамките на прифатената од Советот на општината ЛОД Методологија-односно ЈАВЕН ОГЛАС за прибирање на проектни иницијативи за 2023 година и во таа насока поединечно склучени Договори за партнерска соработка со избраните партнер организации .

8. Финансиска поддршка за активности за унапредување на земјоделството како дел од локалната економија-учество во организациони активности (саеми или друг вид на активности), согласно спроведена законска-односно интерна процедура, Договор со партнер организација.

9. Финансиска поддршка за младински активизам -ницијативи (старт ап бизниси за млади во 2023 година) по претходно спроведена законска процедура –Договор со потврдена партнерска организација од претходните годин како добра практика.

10. Членарина во ЗЕЛС за 2023 година, како ЗАКОНСКА општинска обврска –

12. Трансфер по закон за Рамномерен регионален развој за 2023 како ЗАКОНСКА општинска обврска.

13. Организрање на општински самостоен Буџетски форумски процес за 2023 година ...согласно усвоената општинска процедура .

14. Кофинансирање – општинско учество во Програмата за ОКР (Општинско корисна работа) за 2023 година... во рамките на спроведување на целосна постапка за аплицирање на двете компоненти на јавниот повик од УНДП за 2023 година.

Табеларен приказ на предлог активности на предлог програмата за активностите на општина струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2023 година-Г1 Програмата, Поддршка на ЛЕР

Р.бр	Опис на ставката (активноста)	Време на реализација(месеци)												Извори на финансирање
		1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	
1.	Реализација на планирани приоритети од Стратегијата за ЛЕР на ОпштинаСтрумица 2022-2026 година за фискалната 2023година,													општина
2.	Реализација на планирани приоритетини активности во рамките напрактикувањето на трипартитниотсоцијален диалог помеѓу општината, бизнис заедницатаи синдикатот, како дел од функционирањетои одлуките на Локалниот економско социјален совет на Општина Струмица во 2023година													општина
3.	Реализација (финансиска поддршка) на активности како дел од работата и функционирањетона новиот Регионален центар за одржливразвој (инкубаторза бизнис и земјоделие)													општина

4.	Реализација на активности во рамките на промоцијата на локалните бизнис можности и достигнувања на Општина Струмица како потик за развој налокалната економија													општина
5.	Обезбедување на проектно техничка документација затри нови проритетни проекти (капитални-инфраструктурни)заради подготвеност на одделението за аплицирање на предстојните јавни повици во2023/24 година надвор од општинскиот буџет,													општина
6.	Општински фонд за партиципативно учество (партиципација)во аплицирани- одобрени проекти(инфраструктурни -капитални) одАФПЗРР, БРР, како и другидомашни и меѓународни организации													општина
7.	Поддршка на проекти-проектниициијативи од Граѓански организации за2023 година, заради вклучување награѓанскиот сектор во унапредување и зајакнување на животот на граѓаните ворамките на општинските приотитетни области													Општина
8.	Финансиска поддршка за активности за унапредување на земјоделството како дел од локалната економија-учествово организациони активности (саемиили друг вид на активности),													општина

9.	Финансиска поддршка за младински активизам - иницијативи (стартап бизниси за млади во 2023година)													општина
10.	Членарина воЗЕЛС за 2023 година													општина
11.	Трансфер по законза Рамномерен регионален развој за 2023 како *ЗАКОНСКА општинскаобврска.*													општина
12.	Организрање на општински самостоенБуџетски форумски процесза 2023 година													**општина**
13.	Кофинансирање – општинско учество во Програмата за ОКР (Општинскокорисна работа) за 2023 година													
	Вкупно:													

Име на под програмаПрограма G1- Подршка на ЛЕР за2023 година	**Вкупно планирани финансикси средства**	**Буџет на општиназа 2023 год**	**Други извори на финансирања**
	11.550.000,00	**11.550.000,00**	**/**

Напомена:

- Во планираните вредности по активности е пресметан и ДДВ или персонален данок онаму каде е потребно.
- Во понатамошниот процес на јавни консултации кои ќе бидат спроведени во 2023 година а се однесуват на реализација на Стратегијата за ЛЕР за 2023 година, заради потврдување на транспарентноста на општината и партиципативното учество на граѓаните во процесот на определување на приоритетите и потребите, вкупната планирана сума во Активноста бр 1, ќе биде дополнително поеддинечно утврдена согласно дополнително потврдените-определените приоритети како потреби и во таа насока дополнително ќе бидат поединечно буџетирани.

Во оваа фаза се дадени вкупно предпоставени –планирани потребни финансиски средства за реализација на дел од истата во фискалната 2023 година.

IV.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10376/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....

475.

Врз основа на член 124 став 2 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/1, 8/18, 16/19 и 29/19).Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за заштита од штетно дејство на водите во 2023 година

1.Вовед

Програма за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на Општина Струмица, е изработена врз основа на увидените состојби на речните корита, каналите за одведување на атмосверските води од урбаните подрачја, пороите и другите водотеци , кои при пообемни врнежи можат да предизвикаат поплави. Со Програмата предвидуваат превентивни мерки, изградба на заштитни објекти и постројки и изведување на работи за заштита од штетно дејство на водите.

Имајќи во предвид дека Единицата за локална самоуправа — Општина Струмица е надлежна за уредување на градежното земјише на подрачјето на градот и населените места во рамките на ГУП, ДУП и УП за село, за делување во насока на заштита од штетно дејство на водите за 2023 година програмира да ги преземе следните мерки преку :

Програма J2: Одведување и прочистување на отпадни води:

ред. бр.	Назив на активноста	износ денари
1	Чистење на одводни канали порои	2.000.000
	Вкупно:	**2.000.000**

III. **Извршување на Програмата и надзор**

Извршувањето на програмата ќе се реализира преку ЈПКД “Комуналец” Струмица и други градежни оперативи во договор по спроведена тендерска постапка.

Надзор над извршувањето на Програмата ќе врши Секторот Локален економски развој – одделение за заштита на Животната средина Струмица, и избран надзорен орган.

IV. Оваа Програма се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, како и до ЈПКД „Комуналец“ и ЈП Водостопанско претпријатие „Струмичко поле“, за опфаќање во нивните програми за заштита од штетното дејство на водите и преземање мерки од нивна надлежност.

V. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-10377/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....

476.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето наОпштина Струмица за 2023 година

1. Вовед

Со оваа Програма се уредува преземањето на активности за изградба, доградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2023 година.

2. Одржување на јавното осветлување

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2023 година, односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси (“Сл. весник на РМ” број 92/07), според кој за користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса.

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши ЕВН Македонија АД Скопје -КЕЦ - Струмица и ја уплатува на сметка на Буџетот на општинаСтрумица.

Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено:

- замена на прегорени и скршени сијалици;
- замена на оштетени светлосни арматури;
- замена на заштитни стакла;
- замена на сите останати елементи на сијаличнотоместо(пригушници,

Финасирањето на одржувањето на јавното осветлување ќе се реализира преку Буџетот на општина Струмица и тоа преку:

Ј3 - Програмата - Јавно осветлување во износ од 40.000.000,оо денари, за тековната потрошувачка на електрична енергија и за одржување на ул. осветлување.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува преку составување на пријава — барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување. Исто така ќе се вршат редовни контроли како теренски увиди за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во рамките на одржувањето на јавното осветлување, ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напојни трафостаници.

Редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши ЈП “Паркиралишта — Струмица“, која е стручно екипирана за вршење на оваа дејност.

Набавката на елементи за уличното осветлување ќе се реализира преку тендерски постапки.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата, ќе врши преку Секторот за урбанизам и комунални работи Струмица.

3. Изградба на јавно осветлување

Изградбата и доградбата на јавното осветлување опфаќа изградба на нови линии со поставување на електрични столбови (бандери), нови улични светилки во градот и населените места од подрачјето на Општина Струмица (арматури), поставување на светлосни канделабри, како и финасирање на новогодишното украсување и осветлување.

Финасирањето на изградбата на

јавното осветлување се реализизира од Буџетот на општина Струмица преку :

Програма ЈА:
Изградба на јавно осветлување …… 15.400.000 денари

ред. бр.	Назив на активноста
1	Новогодишно осветлување
2	Нови улични светилки капитални инвестиции арматури и столбови
3.	Трансфер до паркиралишта

4. Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10378/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....

477.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година

1. Вовед

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивнотофинансирање.
Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- густина на населеноста;
- фрекфенција на луѓе и моторни возила;
- степен на нечистотија;
- степен на пречки (паркирани возила, диви продавачи и др.);
- инфраструктурните сообраќајни услови;
- делувањето на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

2. Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од:

- Машинско и рачно метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота;
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје; и
- Одржување на јавните површини во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дневно-дежурните и ноќните метачи.
Дневно-дежурните метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно градско подрачје и празнење на уличните корпи за отпад во две смени и тоа: **I смена** од 9 до 16 часот и **II смена** од 13,30 до 20,30 часот, шест дена во седмицата (слободен ден сабота).
Во извршувањето на овие задачи ќе бидат вклучени:14 работника еден бригадир и следната механизација:

Вид на возило	**Броја**
Автометачка „**SCHMIDT“**	2
Автометачка „**Mercedes ATEGO“**	1
Машина за перење „**ARA 80 COLUMBUS“**	1

Вкупната дневна површина што ќе се одржуваа изнесува 131.978 м^2, и двапати дневно ќе се празнат 153 урбани корпи за отпад поставени во поширокото централно градско подрачје.

Покрај редовното метење и празнење на корпите за отпад ќе се врши и машинско перење на плоштадот.

Во централното градско подрачје спаѓаат следните булевари и улици:

Р.б.	**Назив на бул/улица**	**Површна во м^2**
1	бул.”Маршал Тито”	9.437
2	бул.”Гоце Делчев”	12.285
3	бул.”Ленинова”	18.625
4	ул. “Благој Мучето“	6.684
5	ул.”Маршал Тито“	8.040
6	ул.”Гоце Делчев“	2.704
7	ул “Сандо Масев”	2.376
8	ул.” Герас Цунев”	1.932
	Ул.„Јосиф Јосифовски“	1.833
9.	ул.”Невена Стојкова”	2.100
	Вкупно:	**65.989**

Ноќните метачи ќе работат шест дена во неделата (слободен ден недела) и тоа со следниот распоред:

- Шест пати неделно во поширокото централно градско подрачје.
- Двапати неделно во секој од трите реони во периферните делови од градот.

Во извршувањето на овие задачи ќе бидат вклучени 16 метачи и еден бригадир со работно време од 04,00 до 11,00 часот.

Трасата по која се движат ноќните метачи е следната: најпрво се чисти поширокото централното градско подрачје, а потоа се работи на чистење на еден од реоните во зависност од денот .

Во поширокото централно градско подрачје, кое зафаќа површина од 85.898 м^2 и ќе бидат опфатени следните булевари и улици :

Р.б.	**Назив на бул/улица**	**Површнаво м^2**
1.	бул.”Маршал Тито”	9.437
2.	Ул. Балканска“	10.332
3.	бул.”Гоце Делчев”	12.258
4.	бул.”Ленинова”	18.625
5.	ул.”Маршал Тито“	8.040
6.	ул.”Гоце Делчев“	2.704
7.	ул “Сандо Масев”	2.376
8.	ул.” Герас Цунев”	1.932

9.	ул.”Јосиф Јосифовски”	1.833
10.	Ул. „Благој Мучето“	6.684
11.	Ул. „24-ти Ноември“	7.718
12.	Ул. „4-ти Јули“	1.979
13.	ул. “ Васил Сурчев “	1.980
	Вкупно:	**85.898**

Периферните делови на градот ќе бидат поделени на три реонии нивното чистење ќе биде двапати седмично .

Реон I (понеделник и четврток) зафаќа површина од 67.493 м^2 и гиопфаќа следните улици:

Р.б.	**Назив на бул/улица**	**Површнаво м^2**
1.	бул.”Димитар Влахов”	6129
2.	Ул. Маврово“	1152
3.	ул.”Ѓуро Ѓаковиќ”	3740
4.	ул.”Херој Карпош”	2126
5.	Ул. „5-ти Ноември”	6461
6.	ул.”Крушевска Република“	9390
7.	ул. “Вардарска “	1036
8.	Плоштад ”29 Ноември“	1112
9.	ул “Белградска”	954
10.	ул.” Охридска”	1197
11.	ул.”Дојранска”	739
12.	Ул. „Кожув“	1244
13.	Ул. „15-ти Мај“	1682
14.	Ул. „Бетовенова“	4837
15.	ул. “ Славчо Стојменски “	2093
16.	ул.”Маршал Тито “	9724
17.	ул. “Елка Јанкова “	2800
18.	ул.” Спиро Захов”	2076
19.	ул.” Е.П. Андонов”	2140
20.	ул. “ Скопска “	525
21.	ул.” Атанас Нивичански”	804
22.	ул. “ Светозар Марковиќ “	2086
23.	ул. “ Огражден”	1302
24.	ул. “ 11-ти Септември”	1344
25.	ул. '' Пиринска'	1250
	Вкупно:	**67.943**

Реон II ги опфаќа следните улици со површина од 92.127 м^2, ачистењето ќе се врши во вторник и петок:

Р.б.	Назив на бул/улица	Површна
1.	ул.”Иљо Шопов”	4383
2.	Ул. Браќа Миладиновци“	7100
3.	ул.”Јанко Цветинов”	4977
4.	ул.”Жртви на фашизмот”	2817
5.	Ул. „Коста Бозов”	3186
6.	ул.”М.Х. Јасмин“	4683
7.	ул. “Панче Пешев “	6422
8.	ул. ”Браство Единство“	8328
9.	ул “Младинска” од „Б. Ед.“ до „Г.Упчев“	19880
10.	ул.”Дрварска”	2736
.	Ул. „Широк Дол“	2628
12.	Ул. „Цар Самоил“	1297
13.	Ул. „Тиверија“	1539
14.	ул. “Методија Митевски “	1539
15.	ул.”Киро Абрашев“	5985
16.	ул. “Атанас Караман “	2126
17.	ул.”Максим Горки”	3126
18.	ул.” Браќа Минкови ”	3277
19.	ул. “Ристо Ќурчиев“	1708
20.	ул.”Елка Јанкова”	2970
21.	ул. “ Страшо Пинџур “	1420
	Вкупно:	**92.127**

Реон III ги опфаќа следниве улици со површина од 47.526 м^2, а чистењето ќе се врши во среда и сабота.

Р.б.	Назив на бул/улица	Површнаво м^2
1.	ул.”Кирил и Методиј”	4263
2.	Ул. „Стив Наумов“	4110
3.	ул.”Вера Циривири”	2015
4.	ул.”Невена Стојкова”	2100
5.	Ул. „22-ри Декември”	3552
6.	ул.”11-ти Октомври“	5192
7.	ул. “Моша Пијаде “	8459
8.	ул. ”Ванчо Китанов“	2700
9.	ул “Ѓуро Салај”	3377
10.	ул.”Н. Н. Борче”	2460
11.	Ул. „Сава Коваќевиќ“	3768
12.	Ул. „Беласица“	936

13.	Ул. „Монополска“	888
14.	ул. “Орце Николов “	1060
15.	ул.”Мирче Ацев“	588
16.	ул. “Никола Тесла“	2058
	Вкупно:	**47526**

Миењето на булеварите и улиците ќе се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од јуни па се до крајот на септември. Интензитетот на миењето е 6 дена седмично во поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.

Во зимскиот период во услови на снег дневно-дежурните и ноќнитеметачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки и плоштадите, како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација. Исто така ќе вршат машински и рачно посипување со индустриска сол. Чистење на јавните

површини од снежните врнежи ќе се врши согласно Програмата за зимско одржување на улиците на општина Струмица донесена од Советот на општина Струмица.

Чистењето на јавните објекти, дворни површини, колективни и индивидуални објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции двапати годишно и тоа во месец мај и при крајот на месец септември, со претходно објавување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини по јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности. Доколку постојат објективни можности по чистењето на наносите ќе се врши перење на улиците.

Во населените места (руралните средини) кои имаат урбанистички планови ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица еднашседмично.

На Спомен-костурницата, Трим-патеката и околината на манастирот “Св. Илија” ќе се врши редовно чистење и празнење напоставените корпи за отпад.

3.Чистење на диви депонии

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одределуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам и комунални работи. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие, а се одобруваат од Секторот за урбанизам и комунални работи.

4.Начин на финансирање

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет, согласно Одлуката за одржување на јавната чистота („Сл. гласник на општина Струмица” бр. 16/08) и се предвидени во Буџетот на општина Струмица за 2023 година и тоа:

Програма Ј4 – Јавна чистота во износ од **10.730.000**,оо денари

од кои:

- Јавна чистоќа :

ЈПКД „Комуналец“ ..... 8.000.000,оо денари;

- Чистење на дива депонија Водоча и уредување со зеленило . 1.730.000,оо денари;
- Чистење на диви депонии 1.000.000,оо денари

Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини, поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Секторот за

урбанизам и комунални работи и се финансираат од страна на организаторот, согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

5.Извршител на Програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈПКД "Комуналец" Струмица.

ЈПКД "Комуналец" Струмица изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата наулиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

6.Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секторот за урбанизам и комунални работи.
Инспекциски надзор, над извршувањето на Програмата вршат комуналните инспектори на Општина Струмица.

7.Завршна одредба

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Струмица".

Бр.08-10379/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....

478.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за одржување на јавно зеленило на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година

Вовед

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година, има за цел да ги прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на градот, заштитените подрачја и спортско рекреативните центри и уредувањето на нови зелени површини, како и начинот на нивното финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларните прегледи, опфатени со Годишниот план за работа на извршителот наПрограмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкцијата на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

I. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардните и биотехничките нормативи.

1. Јавни зелени повшини

Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Струмица дел се врши интензивно, а дел екстензивно. Под интензивно одржување подлежат следниве зелени површини:

- Парковски зелени површини;
- Зелени површини на булевари;
- Зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен карактер;
- ул. „Благој Јанков Мучето";
- плоштад „Гоце Делчев" ;
- зеленило кај „Отекс";
- зеленило кај Супер маркет;
- кружен тек на ул ,,Балканска" и ,,Маршал Тито";
- кружен тек на ул ,,22 Декември" и ,,Орце Николов";
- зелена површина на ул ,,Брака Миладинови";
- зелена површина на ул ,,Братство и Единство";
- зелена површина на ул."Климент Охридски";

Под екстензивно одржување подлежат дрворедите, и зелените површини околу детските игралишта.

Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќе се уреди согласно со Оперативна програма, истото се врши согласно со прегледите кои се составни делови на Програмата, со кои ке се вградат сите елементи на одржување зеленилото со сите негови пропратни делови како и мерки за негово збогатување и реконструкција.

Во парковски површини спаѓат следниве:

- Парк пред Собрание _____ 3.250 м^2
- Градски парк (прв дел) _____ 22.575 м^2
- Градски парк (втор дел) _____ 16.493 м^2
- Градски парк (трет дел) _____ 50.000 м^2
- Бежански парк _____ 860 м^2
- Парк „29 Ноември" _____ 750 м^2
- **Вкупно: _____ 93.928 м^{2}2.**

Зелени површини на булевари

Во зелени површини на булевари спаѓаат:

- бул. ,,Маршал Тито" _____ 1.391 м^2
- бул. ,,Ленинова" _____ 918 м^2
- бул. ,,Гоце Делчев" _____ 850 м^2
- бул. ,,Балканска" _____ 700 м^2
- бул. „Климент Охридски" _____ 1.100 м^2

Вкупно: _____ 4.959 м^2

3. Други зелени површини

Други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се подинтензивно одржување се :

- ул ,,Благој Ј. Мучето” ……700 м^2
- плоштад ,,Гоце Делчев” …… 280 м^2
- зеленило пред ,,Отекс” …… 50 м^2
- кружен тек на ул „Балка ……172 м^2
- кружен тек на ул „22 Декември” ……410 м^2
- зелени површина на ул ,,Брака Миладинови”……357 м^2
- зелена површина на ул “Климент Охридски”……1 100 м^2
- зелена површина на ул ,,Братство и Единство” ……78 м^2
- кружен тек на ул.Климент Охридски”……452 м ^{2}
- зелена површина на ул.”Маршал Тито” ……1 030 м ^{2}
- кружен тек на бул.„Гоце Делчев“ …… 275 м^2
- кружен тек на бул.„Маршал Тито“ ……..310 м^2
- кружен тек на бул.„Ленинова“ ……51 м^2

Вкупно: ……**5.515 м^2**

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕНА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Реден Број	Вид операција	Мерна единица	Количина	Бр.на операци
1	Гребулање на тревата	м^2	83947	10
2	Машинско косење на тревата	м^2	83947	10
3	Собирање на искосената трева	м^2	83947	10
4	Припрема на цв. површини	м^2	2701	2
5	Садење на сезонско цвеке	м^2	2701	2
6	Прашење на сезонско цвеке	м^2	2701	6
7	Кроење на жива ограда	м^2	336	2
8	Окопување на жива ограда	м^2	336	2
9	Окопување на грмушки	бр	3225	1
10	Кроење на грмушки и дрва	бр	3225	1
11	Окопување на ружи	бр	1623	4
12	Кроење на ружи	бр	1623	2
13	Чистење на зелени површини	м2	82615	3
14	Заливање на зелени површини	м^2	82615	60

15	Сечење на ивици по стази	м	6470	2
16	Собирање на отпад со износ	$м^2$	82615	252
17	Метење на стази	$м^2$	5600	252
18	Прихранување со минерално г.	кг	4939	
19	Расад сезонско цвеке	бр	37525	
20	Вода потрошена за заливање	$м^3$	37782	
21	Одржување на дрвореди	бр	1850	
22	Заштита на палми	бр	35	

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ - КАЛЕНДАРСКИ

Р. бр	РАБОТНА ОПЕРАЦИЈА	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	Вкупно
1	Гребулење на тревата пред м.к.	-	-	-	1	2	2	1	2	1	1	-	-	10
2	Машинско косење на тревата	-	-	-	1	2	2	1	2	1	1	-	-	10
3	Собирање на искосената трева	-	-	-	1	2	2	1	2	1	1	-	-	10
4	Припремање на цветни површ.	-	-	-	-	1	-	-	-	-	1	-	-	2
5	Садење на цветни површини	-	-	-	-	1	-	-	-	-	1	-	-	2
6	Прашење на сезонско цвеке	-	-	2	-	1	2	-	-	-	1	-	-	6
7	Кроење на жива ограда	-	-	-	1	-	1	-	1	-	1	-	-	4
8	Окопување на жива ограда	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	-	-	2
9	Окопување на грмушки дрвја	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	-	-	2
10	Кроење на грмушки и дрвја	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
11	Окопување на ружи	-	-	-	1	1	-	1	-		1	-	-	4
12	Кроење на ружи	-	-	-	1	-	-	-	-	-	1	-	-	2
13	Чистење на зелени површини	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1	2
14	Заливање на зелени површини	-	-	-	-	5	10	20	20	5	-	-	-	60
15	Сечење на ивици по стази	-	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	-	2
16	Собирање на отпад и износ	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	252
17	Метење на асфалтни стази	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	252
18	Варосување на дрвјата	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
19	Заштита на палми	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1

II. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите опфатени со оваа Програма е ЈПКД „Комуналец" Струмица .

ЈПКД „Комуналец" Струмица изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастарски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Струмица, покрај ЈПКД „Комуналец", може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

III. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата, согласно Одлуката за комунален ред, врши Секторот за урбанизам и комунални работи.
Инспекциски надзор, согласно Одлуката за комунален ред, вршат општинските комунални инспектори.

IV.ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СОПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот на општина Струмица Програма Ј7- каде што се предвидени средства во висина од 8.000.000,оо денари и од сопствени средства на ЈПКД „Комуналец" Струмица.

Делот на подигање и реконструирање на јавните зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година.

Цените за работите околу одржувањето, подигањето и реконструкцијата на зеленилото, кои ги врши ЈПКД "Комуналец" Струмица се дефинирани согласно важечкиот ценовнвник на кој е дадена согласност од Советот на општина Струмица за ваков вид на услуги.

V.ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10380/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....

479.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2023 година

1. Вовед

Со програмата за активностите од областа на културата за 2023 година, се продолжува со подршката на манифестации од областа на културата кои претставуваат традиционални вредности и белег на Општина Струмица.

Воедно се продолжува и со подршката на проекти од областа на културата на институции, здруженија на граѓани и поединци од подрачјето на општина Струмица.

2. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на општина Струмица кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Струмица;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на општина Струмица;
- Создавање услови за квалитетно културно жиеење, соодветно настатусот на општина Струмица;
- Промовирање и поддржување на нови идеи и проекти што ја афирмираат општина Струмица како развиен културен центар;
- Презентирање и афирмирање на творците, интерпретаторите и институциите од областа на културата во земјава и странство;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.

3. Активности

Активностите на општина Струмица во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа програма;

Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:

-Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно - уметнички манифестации со потврдени квалитети и присутен голем интерес на граѓаните;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат културниот живот наопштината;

-Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички и забавно-едукативни содржини;

-Претставување во општината во Република Северна Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;

-Поддржување на откривањето и презентирањето на нови сознанија за материјалното и духовното наследство за општина Струмица;

-Одвивање на културно-уметнички и забавни приредби на атрактивни историски и урбани простори и објекти на подрачјето на општина Струмица;

-Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во општина Струмица;

-Унапредување на меѓународната - културна комуникација врз реципрочна основа со други градови од земјата и странство

- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

4. Финасирање

Активностите на општина Струмица од областа на културата, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Струмица за 2023 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на програмата, општина Струмица ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

-Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (преку надлежните министерства);

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правнии физички лица;

-Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство; и

- Други извори.

5. Распоредување на буџетските средства

Средствата од Буџетот на општина Струмица за 2023 година се распоредуваат како учество на Општина Струмица за поттикнување, одржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата преку програмите: К3, К4 и КА и тоа:

К3: Музичка и кинотечна дејност .....16.505.000 денари

Реден број	Коминтент
1	Get Exited фестивал
2	Струмица опен фестивал
3	Ристо Шишков
4	Астер фест
5	Ликовна колонија
6	Фестивал на источно црковно пеење
7	Фестивал на афоризми
8	Фестивал - Под кулите на Струмица - Распеани струмичани
9	Фестивал за детски песни
10	100.000 поет за промена
11	Уан Беј денс - Street Summer Jam - One way
12	Големи уметници за голема сцена
13	Здружение - Иван Василевски за ЗЕНИТ
14	Мултимедиален настан – поврзување на минатото со сегашноста
15	Мултимедиален настан – видео за боемски спомени
16	Поетски маратон
17	Издавање на книга Иван Котев
18	Поддршка за концерт на Љубомир Митровски
19	Издавање на албум и концерт на Горан Кукиќ
20	Новогодишен - божиќен концерт - СОУ Јане Сандански
21	Поетско представување - Никола Маџиров
22	Фолклорна низа
23	КУД Браќа Минкови - Куклиш
24	Новогодишна програма
25	Графити за 2023 - Струмица
26	Поддршка за Незаборав - здружение на бежанците
27	Концерт – 10 години на сцена – Александра Јанева
28	Фестивал на визуелни активности - Кадро
29	Средби под јаворите - Видое Подгорец
30	Едукативен фестивал за деца
31	Поддршка за концерт на Иван Куќиќ
32	Поддршка за концерт на Ивана Василева
33	Поддршка за фестивал на камерна музика
34	Поддршка за концерт на Даница Стојанова
35	Поддрпка за настап на Славица Ангелова
36	Поддршка за издавање на книги и списанија
37	Поддршка за млади и други настани од областа на културата, тековни барања од областа на културата и јавни повици

К4: Културни манифестации и творештво ..... 1.000.000 денари

р.б.	Назив на активноста
1	Карневал

КА: Култура - капитални расходи ..... 8.200.000 денари

р.б.	Назив на активноста
	Младински културен центар (адаптација)

Средствата што се распоредени за дополнително утврдени манифестации, проекти и приредби ќе ги насочува Градоначалникот на општина Струмица, за активности кои не се опфатени со оваа Програма, а со својата активност, значење и квалитет придонесуваат за остварување на програмираните цели во областа на културата.

6.Манифестации и приредби што ќе се подржуваат и помагаат со други форми и активности

Други форми и активности со кои ќе се поддржуваат и помагааткултурните манифестации, приредби и проекти се следните:

- Почесно покровителство на општина Струмица;
- Доделување награди, пригодни подароци и слично;
- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадрите иопремата со која располага општина Струмица;
- Учество на претставници на општина Струмица, при организирање протоколарни и промотивни средби, одржување на манифестции и реализирање на проекти од областа на културата.

Другите форми на активности за поддршка и помош на манифестациите и приредбите, ќе се реализираат од страна на надлежниот орган на Општина Струмица и тоа по барање на организатори на манифестациите и реализаторите на проектите до Градоначалникот на општина Струмица, усогласено со целите на оваа Програма и расположивите можности на општина Струмица

6. Завршни одредби

Градоначалникот на општина Струмица се грижи и го обезбедуваспроведувањето на оваа Програма.

7.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10381/1 Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....

480.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2023 година

Општина Струмица отсекогаш била голем поддржувач на спортот, спортските екипи и спортските работници. Програмата за спорт Л0 е опширна и опфаќа поддршка за повеќе од 60 клубови и здруженија кои се формирани и делуваат на територија на Општина Струмица.

Општина Струмица како поддржувач на спортот ги помага сите клубови и спортисти, почнувајќи од таканаречените големи спортови каде што спаѓаат фудбалот, одбојката, кошарката и ракометот, потоа следуваат боречките спортови карате, кик-бокс, аикидо, масовните спортови како што се планинарство, спортски- качување, спортска ориентација и сите останати спортови кои делуваат на територијана Општина Струмица како пинг-понг, тенис, спортски риболов, спортско стрелаштво, атлетика, гимнастика. Ни претставува особена чест и задоволтво што после повеќе од 20 години се обновува шахот како спорт во името на шаховскиот клуб „Цареви Кули“ чии членови за многу краток период постигнуваат одлични резултати на државните првенства.
Секако дека не ги забораваме и спортистите од здруженијата со посебни потреби кои во континуитет остваруваат одлични успеси секоја година.

Исто така се помагаат и тренерите преку јавен повик и дотација за тренери, а секако дека Општина Струмица го помага училишниот спорт преку ОСУС кој е главен двигател на спортувањето кај младите основци и средношколци.

Со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во 2023 година, ќе се продолжи со реализација на проекти во функција на подобрување на условите за спортување, натпреварување и рекреирање на граѓаните од подрачјето на општина Струмица.
Со подршката на спорот се создаваат услови за поквалитетни натпреварувања на спортските клубови како и поголема заинтересираност и масовност на младите заспортски активности.
Практикувањето на спорот особено кај младите се повеќе претставува природна потреба за нормален психофизички развој и спречување на појава нателесни деформитети.

Основни цели на оваа Програма се:

-Остварување учество на Општина Струмица во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;

-Афирмирање на Општина Струмица како развиен спортски центар;

-Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младината, спортистите и на спортско-рекреативните активности награѓаните;

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;

-Промовирање на можностите на Општина Струмица да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;

-Создавање услови за настапи во земјата и странство на наши истакнати спортисти имлади спортски надежи, како и за гостување во Општина Струмица на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција;

-Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка.

Активностите во областа на спортот, Општина Струмица ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма.
Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:

-Заживување на спортските манфиестации со традиција за кои постои интерес кај граѓаните, спортските манифестации и спортистите од странство;

-Учество во организирањето натпревари со силна меѓународна конкуренција;

-Иницирање и реализирање посебни програми за создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите аматери, на учениците и младината;

- Поддржување на иницијативите и активностите за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во Општина Струмица, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации;

-Овозможување поинтензивна комуникација на спортистите и нивните здруженија, со спортистите од други градови, региони и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка.

ДОТАЦИЈА

Дотацијата се доделува на спортските клубови кои имаат најголеми трошоци во текот на натпреварувачката година. Наредниот период ќе се побара финансиски извештај за потрошените средства од клубовите за 2022 година, пропратна документација како и и програма за работа за наредната 2023 година.

ЈАВЕН ПОВИК ЗА СПОРТ

Јавниот повик за спорт се распишува во првите месеци од 2023 година. На негоможат да се пријават сите клубови кои се основани и делуваат на територија на Општина Струмица. По утврдена методологија изгласана од страна на Советот на општината клубовите добиваат бодови по неколку основи како што се степен на натпревари, млади категории кои учествуваат во организиран систем на натпревари и масовност во клубот. Исто така клубовите кои аплицираат за добивање на средства по јавниот повик доставуваат извештај за потрошените средства, пропратна документација и програма за работа.

ТЕКОВНИ БАРАЊА, ПРОЕКТИ, ТУРНИРИ, СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА

Општина Струмица во текот на цела година го помага спортот. Во рамките на нашите можности ги помагаме сите активности, турнири, настани, форуми и патувања на клубовите и спортистите, ставајќи акцент особено на поддршка на младинскитекатегории од клубовите.

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ТРЕНЕРИ (10 МАКСИМУМ)

Јавен повик за тренери. Со оваа мерка продолжуваме и наредната година соподдршка на тренерите од Општина Струмица.

ОСУС (УЧИЛИШЕН СПОРТ)

Училишниот спорт го помагаме тековно секоја година, така да и наредната 2023година ќе продолжиме со конкретна сума без да се доставуваат дополнителни барања од ОСУС за одредени активности.

ШАМПИОНСКА ТИТУЛА

Одлука на Советот на Општина Струмица секоја година да се наградува клубот кој освојува шампионска титула во 4-те големи спортови фудбал, кошарка, одбојка, ракомет. Доколку наредната година се освојат 2 титули сумата од 300 000 денари се дели на двата клуба. Доколку не се освои шампионска титула средствата може да се прераспределат за други спортски активности со ребаланс на буџетот.

ПОЛУМАРАТОН

Поддршка на полумаратонот со покривање на одреден дел на трошоци исто како и во тековната 2022 година.

ПРОГРАМА L0 - 2023 ГОД.....14 250 000 ден.

Има зголемување во однос на 2022 година кога буџетот беше 12 000 000 денарипа со ребалансот во месец Август сумата се зголеми за плус 1 100 000 денари и вкупната сума за 2022 година изнесуваше 13 100 000 денари.

Покачувањето од 9,1 % во однос на 2022 година (сума 14 250 000 денари) во услови на енергетска и економска криза претставува огромен успех за спортот, спортските екипи и спортските работници во Општина Струмица и дополнителна мотивација да се продолжи со истата динамика.

Многу општини во државата во време на криза кратат од ставката за спорт. Исто така голем дел од Општините финансиските средства ги усмеруваат само кон еден клуб односно 80-90 % од буџетот за спорт преку дотација се доделува само на еден клуб додека останатите добиваат многу мала или незначителна сума.

За разлика од нив Општина Струмица ги помага спортистите, спортските клубови, тренерите сите здруженија на граѓани кои прават општествено добро и преку спортски активности дават позитивен пример во општеството. Секоја година околу 60-тина клубови добиваат поддршка преку дотацијата за спорт, јавниот повик за спорт и тренери како и за тековни активности, настани, проекти, патувања во земјата и странство и организирање на меѓународни и локални турнири за деца, сениори и ветерани.

Назив на активноста	Износ денари
Дотација	9.250.000
Јавен повик за спорт	2.000.000
Тековни барања, проекти, турнири, СП на годината	2.000.000
Јавен повик за тренери (10 максимум)	300.000
ОСУС (Училишен спорт)	200.000
Шампионска титула	300.000
Полумаратон	200.000
Вкупно :	**14.250.000**

ПРОГРАМА LAA - 2023 ГОДИНА

LAA – Изградба и реконструкција на спортски игралишта ..... 18.000.000 денари

ред. бр.	Назив на активноста
1	Реконструкција на спортски игралишта и изградба наполигон за велосипеди, скејборди, ролери и др.
2	Ново спортско игралиште Н.Вапцаров
3	Детско игралиште Шпики - реконструкција
4	Нови детски реквизити за детски игралишта

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Струмица.

Бр.08-10382/1Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....

481.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на општина Струмица поврзани со спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година

1. Вовед

Програмата за спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година, изработена од страна на Одделението за Меѓународна соработка и Европски фондови при општина Струмица, има за цел подготовка, управување и мониторинг на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни донатори од страна на општина Струмица и општински институции и јавни претпријатија.

2. Цели

Основни цели на оваа Предлог-Програма се:

1. Да се зајакнат капацитетите на општинската администрација и други заинтересирани страни на територијата на општина Струмица за апсорбирање на фондовите на ЕУ (претпристапни фондови, централизирани програми, итн.) и други меѓународни донатори;
2. Да придонесе за зголемување на вкупната вредност и бројот на проекти во општина Струмица што се одобрени за финансирање од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори;
3. Да овозможи платформа за градење на партнерства и размена на искуства и добри практики помеѓу сите заинтересирани страни во општина Струмица кои работат на подготовка и спроведување на проекти што се финансираат од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори;
4. Да се врши координација помеѓу сите заинтересирани страни во општина Струмица во врска со проектите што се подготвуваат за финансирање од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори, како и да се обезбеди нивно усогласување со стратегиите за развој на општина Струмица.

3. Работни процеси

Предлог-Програмата на општина Струмица за спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година се состои од следните работни процеси:

- Процес на следење и информирање на заинтересираните страни за јавни повици за финансирање на проекти и други мерки за јакнење на капацитети;
- Процес на подготовка, управување и мониторинг на проекти финансирани од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори;
- Процес на вмрежување на сите чинители во општина Струмица кои работат на подготовка и спроведување на проекти што се финансираат од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори;
- Процес на подготовка и управување на проекти на јавни општинскипретпријатија и други општински институции.

4. Активности

Вкупната вредност на Програмата за спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија - МБ изнесува 46.896.000,00 денари.

Активностите на општина Струмица поврзани со спроведување на проекти финансирани од фондовите на Европската Унија за 2023 година се поделени во четири (4) групи:

А1. Подготовка на проекти и нивно аплицирање до меѓународни донатори

Во текот на 2023 година, Одделението за Меѓународна соработка и Европски фондови при општина Струмица ќе иницира процеси за воспоставување соработка со релевантни чинители од земјата и странство заради обезбедување на финансиски средства од фондовите на Европската Унија и други меѓународни донатори, за проектите што ја засегаат општина Струмица.

Имено, во текот на 2023 година, Одделението за Меѓународна соработка и Европски фондови при општина Струмица ќе изготви проектни предлози кои ќе бидат поднесени за обезбедување финансиски средства во рамките на јавните повици за доставување проектни

предлози од Интеррег-ИПА Програмите за прекугранична соработка со Република Грција и Република Бугарија за периодот 2021-2027 и други меѓународни донатори.

Овие проектни предлози, кои ќе бидат изготвени од страна на општина Струмица, во целост ќе бидат усогласени со стратешките цели и приоритети на Интеррег Програмите, како и со стратешките цели на ЕУ до 2030 во рамките на новата европска агенда и иницијативи за одржлив раст и развој (преку Европскиот зелен договор).

А2. Спроведување на проект „Струмица - Паметен вело град" финансиран од Европската Унија преку Програмата „ЕУ за општините"

Проектот „Струмица - Паметен вело град" е финансиран од Европската Унија во рамките на Програмата „ЕУ за општините". Во текот на 2023 година во рамките на овој проект ќе продолжат градежните активности за изградба и обележување на велосипедски патеки на следниве улици и булевари во градот Струмица:

- Доизградба на велосипедска патека на булевар „Ленинова";
- Изградба на велосипедска патека на булевар „Маршал Тито";
- Изградба на велосипедска патека на улица „24-ти Октомври";
- Обележување на велосипедска патека на булевар „Климент Охридски";
- Обележување на велосипедска патека на улица „Маршал Тито";
- Обележување на велосипедска патека на улица „Гоце Делчев";
- Обележување на велосипедска патека на улица „Сандо Масев";
- Обележување на велосипедска патека на улица „Братство Единство";
- Обележување на велосипедска патека на улица „Балканска";
- Обележување на велосипедски патеки на улици број 4 и 5;
- Обележување на велосипедска патека на улица „Ѓуро Салај".

Согласно утврдената динамика на спроведување на проектот, во текотна 2023 година ќе се спроведат следните дополнителни активности:

- Набавка и поставување на паркинзи за велосипеди;
- Обука за одржлива урбана мобилност со велосипед;
- Подготвителни активности за воспоставување и развој на паметен систем за самоизнајмување на велосипеди;
- Спроведување активности за градење на вело-култура во општина Струмица.

Општина Струмица со сопствени средства дополнително ќе ја поттикне изградбата на градската велосипедска мрежа и на други улици и булевари во Струмица, каде постојат услови за изградба на велосипедски патеки, а не се вклучени во горенаведената листа. Во основниот буџет на општина Струмица планирани се 10.000.000,00 денари наменети за:

- Изградба на велосипедски патеки низ градот Струмица;
- Организација на Фестивал „Вело Струмица" 2023;
- Спроведување активности за градење на вело-култура.

А3. Спроведување на проект за прекугранична соработка „Мрежа на велосипедски градови" (Акроним: „Велосипедски градови")

Проектот за прекугранична соработка „Мрежа на велосипедски градови" (Акроним: „Велосипедски градови") е во фаза на реализација. Проектот има за цел создавање на рекреативна велосипедска инфраструктура во град Струмица и ги содржи следните активности: изградба на Велосипедска адреналинска патека ("Pump track" патека), поставување на Станици за поправка на велосипеди, уредување на планински велосипедски патеки на месноста Чам Чифлик и формирање на Вело Парк и подготовка на

мастер- план за идни проекти на општина Струмица од областа на велосипедизмот. Активностите утврдени во рамки на овој проект ќе се реализираат до ноември 2023 година.

Овој проект е финансиран од ЕУ во рамките на Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Грција 2014-2020.

А4. Спроведување на проект за прекугранична соработка „Заштита на локалното население од општините Петрич и Струмица од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот“

Проектот за прекугранична соработка „Заштита на локалното население од општините Петрич и Струмица од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот“ е тековен проект финансиран од ЕУ во рамките на Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија 2014-2020. Сите активности кои се планирани во рамки на овој проект да се спроведат на територијата на Општина Струмица се завршени. Останати за спроведување се две активности за кои носител е Општина Петрич, Р. Бугарија, и тоа:

- обука за зајакнување на капацитетите на противпожарните служби и
- настани за подигнување на јавната свест кај децата во основнитеучилишта за заштита од пожари и природни катастрофи.

Исто така, ќе се спроведуваат и останатите активности за координација на проектот, верификација на трошоци и подготовка на завршни извештаи согласно правилата и барањата на донаторот на проектот.

5. Финансирање

Предвидените проектни активности во рамките на оваа Програма, со вкупна вредност од 46.896.000,00 денари, ќе бидат финансирани, преку донации од фондовите на Европската Унија и од Буџетот на општина Струмица.

Од горенаведениот износ 31.896.000,00 денари се 100% грантови од Европската Унија, 5.000.000,00 денари се општински средства кои времено се издвојуваат за финансирање на активностите на проектот **„Мрежа на велосипедски градови”,** до верификација на трошоците и трансферот на донацијата од страна на ИНТЕРРЕГ-ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Грција, и 10.000.000,00 денари се општинско учество за проширување на активностите на проектот **„Струмица - Паметен вело град”.**

6. Завршни одредби

Градоначалникот на општина Струмица го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-10383/1Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....

482.

Врз основа на член 101 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 157 од Законот за основното образование („Сл. весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („ Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица во областа на образованието во 2023 година

1.ЦЕЛИ

Основна цел на оваа Програма е обезбедување на активен однос на општина Струмица кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, преку:

- унапредување на условите за реализација на воспитно-образовниот процес
- зголемување на опфатот на деца во прво одделение и обезбедување на еднократна парична помош
- запишување на деца со надмината возраст на училиште и обезбедување на финансиска поддршка
- поддршка за инклузија на ученици со попреченост во воспитно-образовниот систем во општина Струмица
- поддршка за реализација на активности и проекти на учениците од општинските училишта
- поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието
- поддршка за реализација на активности за безбедно учество на учениците во сообраќајот
- поддршка за личен и професионален развој на наставниците и стручните соработници во општинските училишта
- наградување на наставници/ стручни соработници од општинските училишта
- наградување и стимулирање на талентираните ученици од општинските училишта
- намалување на видливоста на социјалните разлики во општинските основни училишта
- поддршка на ученици од социјално загрозени семејства

2.АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Струмица во областа на образованието во 2023 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа програма.

3.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на основниот буџет на општина Струмица за 2023 година, во вкупен износ од 27.595.000,00 денари, и тоа за:

Н1:Основно образование- 10.041.000,00 денари

Ред.бр	Назив на активноста
1	Дотации - трансфер за вработени
2	Поддршка за реализација на обуки за личен и професионален развој на наставници и стручни соработници
3	Поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието
4	Поддршка за реализација на општински и регионален натпревар "Детски семафор"
5	Поддршка за реализација на активности за првачиња за почеток на учебната година
6	Поддршка за реализација на активности за учениците за крај на учебната година
7	Еднократна парична помош на семејства со прваче
8	Стипендии за 25 ученици кои освоиле награди на натпревари
9	Стипендии за 20 деца кои се надвор од образовниот систем

10	Училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства
11	Училишни униформи за првачиња
12	Организација на Свечена академија по повод 24 Мај
13	Награди за наставници/стручни соработници
14	Лични асистенти за ученици со попреченост

Н2: Средно образование- 1.426.000,00 денари

Ред.бр	Назив на активноста
1	Поддршка за реализација на активности и проекти на учениците од СОУУД "Димитар Влахов" и СОУ "Јане Сандански", Струмица
2	Поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието
3	Стипендии за 20 ученици кои освоиле награди на натпревари
4	Лични асистенти за ученици со попреченост
5	Поддршка за реализација на активности за хакатон NASA Space Apps Challenge
6	Награди за наставници/стручни соработници

НАА:Капитални инвестиции во основно образование-2.370.000,00 денари

Ред.бр	Назив на активноста
1	Интерактивни табли и проектори
2	Шкафчиња за ученици од основно образование

НБА: Капитални инвестиции во средно образование-13.758.000,00 денари

Ред.бр	Назив на активноста
1	Ученички дом во СОУУД "Димитар Влахов"
2	Спортска сала во СОУ "Јане Сандански"

Институциите од областа на образованието ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Струмица ќе ги поддржи институциите и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

4.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

1. Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината
2. Создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес
3. Вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори.

5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-10384/1Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
……

483.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активности во областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година

1. Вовед

Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина, предвидува преземање мерки од надлежност на локалната самоуправа, определени со законските прописи од оваа област во насока на обезбедување поквалитетна и почиста животна средина за граѓаните на Општина Струмица.

Со програмата за заштита на животната средина, Општината овозможува спроведување на еколошката политика согласно европските стандарди и се залага за:

- Почитување на законите и регулативите кои што се однесуваат на Заштитата на животната средина, заштеда на природни ресурси, намалување на отпадот, подобрување на квалитетот на воздухот, обезбедување здрава и заштеда на водата за пиење и заштита на биодиверзитетот.
- Пристап до информации за заштита на животната средина, како и граѓанско учество во процесот на одлучување за прашања од област заштита на животната средина,
- Размена на информации со различни засегнати страни и вклучување во проекти и активности за заштита на животната средина.
- Едукација на младите за теми од област заштита на животната средина и одржливиот развој.

2. Цели на програмата:

- Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина;
- Определување на приоритети за изготвување проекти и нивна реализација;
- Обезбедување на финансиски средства за спроведување изводливи проекти за заштита на животната средина;
- Спроведување на мерки за превенирање на последиците од загаденост на животната средина;
- Спроведување на Оцена за влијанието на животната средина во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од евентуално загадување на животната средина;
- Зголемување на зелените површини во општината со изградба на нови зелени површини, уредување на запуштени зелени површини, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

4. Предмет на програмата

Програмските за активности во областа на заштитата на животната средина на подрачјето на општина Струмица во 2023 година, ќе бидат насочени кон:

- Систематизирање на податоците за квалитетот на животната средина на подрачјето на Општина Струмица, добиени

врз основа на контроли и анализи за квалитетот на амбиентниот воздух, влијането на отпадните води, состојбата со површинските води и водотеците, како и состојбата со природните извори на вода и бунарите (бушотините) кои населението ги користи за пиење, санитарни потреби, поење на добитокот и наводнување.

- Информирање за состојбата со животната средина, врз основа на добиените и анализирани податоци од мониторинг на вода, воздух и почва;
- Изработка на ЛЕАП за 2023 – 2029 стратешки документ на кој се темели целокупниот процес и активности поврзани со заштита на Животната средина во Општина Струмица ангажирање на консултант(јавен повик) и учество на советот, одделение за заштита на жив.средина и сите релевантни страни.
- План за управување со отпад на Општина Струмица 2023-2028 година ангажирање на консултант(јавен повик), одделение за заштита на жив.средина и сите релевантни страни.
- Стимулирање на здрави навики – Субвенционирање на купување на велосипеди на граѓаните на Општина Струмица (по објава на јавен повик и утврдени критериуми за учество) за стимулирање на алтернативни средства за превоз со тоа и намалување на загадувањето од издувни гасови од автомобили.
- Најдобро уредено дворно место – по објава на јавен повик и утврдени критериуми за учество) за стимулирање на колективните стамбени објекти и индивидуалните домаќинства за уредување и одржување на дворните место со што ќе придонесат за заштита на животната средина со зголемување и одржување на зелените површини.
- Обезбедување на средства за нормално функционирање на стационарот за прифаќање на бездомни кучиња и мачиња.
- Зазеленување на постоечките булевари и паркови со нови садници(замена на искршени-исушени садници, посадување на нови).
- Дезинсекција и дератизација на (штетни инсекти)комарци и штетни глодари на територија на Општина Струмица.
- Субвенции за цената на гасот за домакинствата.

5. Финасирање

Финасирањето на Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година, ќе се реализира преку Буџетот на општина Струмица за 2023 година, преку буџетските програми:

Р1: Заштита на животната средина ……..21.350.000,00

	Р1:Заштита на животна средина
р.б.	**Назив на активноста**
1	Изработка на ЛЕАП 2023-2029 година
2	Субвенционирање за купување на 250 велосипеди
3	Изработка на План за управување со отпад 2023-2028 год
4	Најдобро уредено дворно место (колективни и индивидуални стамбени дворови)
5	Зазеленување на постоечките булевари и паркови
6	Дезинсекција и дератизација

Стационар за кучиња и мачиња

	стационар за кучиња и мачиња
р.б	**Назив на активноста**
1	Функционирање на стационарот за кучиња

Субвенции за цена на гасот

	Субвенции за цена на гасот
р.б.	**Назив на активноста**
1	Субвенционирање на цената на гасот

ГДА - Енергетски ефикасни фасади ..... 1.000.000 денари

р.б.	**Назив на активноста**
1	**Енергетски ефикасни фасади**

5. Завршни одредби

Оваа Програма ќе ја реализира Градоначалникот на општина Струмица, преку Секторот за Локален економски развој и заштита на животната средина – одделение за заштита на животната средина и другите органи на општинската администрација.

Надзор над реализацијата на оваа Програма ќе врши Градоначалникот на општина Струмица и овластениот инспектор за животна средина при Општина Струмица.

6. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-10385/1Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.....

484.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица за областа на социјалната и детската заштита во 2023 година

I.Вовед

Во рамките на Секторот за Локален економски развој , Меѓународна соработка и Европски фондови, заштита на животната средина, во рамките на своите надлежности работи и делува Одделението за ЛЕР, кое што подготвува и спроведува дел од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Социјална заштита и заштита на децата.

Програмата за активностите на општина Струмица за областа на Социјалната заштита и заштита на децата во 2023 година е сотавена од 3(три) Посебни програми:

- V1-Детски градинки
- VA- Социјална заштита и заштита на децата-капитални расходи
- V2- Програма за социјална заштита

Одговорни за реализацијата на Програмата V1 Детски градинки и VA Социјална заштита и заштита на децата-капитални расходи, како и следењето на реализацијата и во тој контекст известувањето за степенот на реализацијата е преку Советникот за детска заштита во Општина Струмица.

Одговорни за реализацијата на Програмата V2 Програма за социјална заштита, како и следењето на реализацијата и во тој контекст известувањето за реализацијата е Одделението за Локален економски развој во Општина Струмица, преку Раководителот на Одд за ЛЕР.

II. Цел на програмата

Остварување на Визијата на Општина Струмица во рамките на новата Стратегија за Социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица со акциски план 2022-2027 година „Струмица – општина во која граѓаните се социјално заштитени и рамноправни во добивањето на услугите“, преку сет на мерки кои се однесуваат на:

- Обезбедување активен однос на Општина Струмица кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштитата на децата потпирајќи се на четири клучни столба:

1. РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ – Институционална (Општинска) рамка на системот за социјална заштита на локално ниво .
2. УНАПРЕДУВЊЕ И ПОВРЗУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО преку соработка и поврзаност на системот со другите релевантни системи (пазар на труд, образование, здравство) со засилено искористување на новите можности на дигитализацијата, како и подготвеност на системот на социјална заштита за навремено и ефикасно реагирање во услови на коваријатни шокови и зголемени социјални ризици - Ризици по здравје(болест, повреда и инвалидност); Ризици од стареење(старост и преживување);Ризици по мајчинство и семејство; Ризици од невработеност и професионална невработеност и Ризици од неадаптираност кон социјалната средина и социјална исклученост;
3. РАЗВИВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО НИЗ ПЕТТЕ КЛУЧНИ СЕГМЕНТИ:

1. Социјална заштита – систем од мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, како и мерките, активностите и политиките за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на капацитетите на граѓанинот за сопствена заштита.
2. Социјална превенција - збир на мерки и активности со кои се спречува

настанувањето на социјалните ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел да се надминат или ублажат штетните последици од изложеноста на социјалниот ризик.
3. Институционалната заштита - правото на оспособување за работно производна активност и правото на сместување во установа за социјална заштита.
4. Вонинституционална заштита,- право кое се остварува во или преку центарот за социјална работа, а го опфаќа правото на: прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита; помош на поединец; помош на семејство; домашна нега и помош на поединец и на семејство; дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство; сместување во згрижувачко семејство; сместување во мал групен дом и самостојно живеење со поддршка.
5. Локални социјални услуги - услуги за социјална заштита и превенција(социјални сервисни услуги) кои ги испорачува единицата на локалната самоуправа на својата територија, во согласност со законот.
Во рамките на општинските надлежности!

4. ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ - менаџмент со општински буџетски средства и финансиски средства обезбедени од други извори на финансирање во функција на Социјалната заштита и зштитата на децата на локално ниво.

III. Програмски активности

Имајќи во предвид дека Одд за ЛЕР е одговорно за реализација на дел од целокупнта Програма за активностите на Општина Струмица во областа на Социјалната заштита и заштитата на децата за 2023 година, односно V2 програмата-Програма за Социјална заштита, Активностите на Одделението за ЛЕР кое предлага и извршува дел од целокупната програма ќе бидат насочени кон остварување на целите на Програмата во контекст на реализацијата на:

1.Новата Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица со акциски план 2022-2027 година.

2. Важечкиот Социјален план на општина Струмица 2021-2024 со Одлука на Совет на општина Струмица и Решението за формирање на Општински совет за социјална заштита на општината од 26.02.2020 година

Одделението за ЛЕР дава нови предлози состевен дел на V2 програмата-Програма за Социјална заштита за 2023 како дел од целокупната програма :

Предлог активности составен дел на V2 програмата-Програма за Социјална заштита за 2023 година

1. Реализација на планирани приоритети од Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица со акциски план 2022-2027 година за фискалната 2023 година и Важечкиот Социјален план 2021-2024 година, посебно дополнително определени низ процесот на јавна консултација со граѓаните.... *во рамките спроведени поединечни процедури согласно потребата (Јавни огласи, Меморандуми, Договори) во целост компатабилни со Позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.*

2. Реализација на активности од Социјалниот План на Општина Струмица за 2023 година посебно дополнително определени низ процесот на јавна консултација со граѓаните.... *во рамките спроведени поединечни процедури согласно потребата (Јавни огласи, Меморандуми, Договори) во целост компатабилни со Позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.*

3. Справување со проблемот на жртвите на семејно насилство на локално ниво во 2023 год

Поддршка на веќе постоечкиот Шелтер центар во Струмица заради негово функционирање и згрижување на жртви на семејно насилство во контекст на справување со проблемите со семјното насилство на локално ниво....*(спроведување на целосна постапка – ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА СО ПАРТНЕР ОГАНИЗАЦИЈА-МЕНАЏЕР СО ШЕЛТЕР ЦЕНТАРОТ ЗА 2023/24, во Декември 2023 година .*

4. Создавање услови и испорака на социјални сервисни услуги на локално ниво за 2023 год

а. Реализација на Проект за помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои предходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во свој дом, заради нивна реинтеграција во општеството.....„Куќа за отворено домување-Куќа на пола пат“ *...во рамките спроведени поединечни процедури согласно потребата (Јавн оглас, Меморандум, Договор) во целост компатабилни со Позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.*

5. Реализација на проект за помош, нега и одмена во домот на изнемоштени лица со телесен хендикеп, како партнерство со Здружение на лица со телесен инвалидитет ЗТИЛ МОБИЛНОСТ Струмица ....*по спроведена интерна законска процедура (Договор за партнерска соработка), усогласен спрема Закон за Социјална заштита за период од 12 месеци за 6 лица.*

6. Финансиска поддршка заради јакнење ментално и физичко здравје (лица со пречки во развој, лица со телесен инвалидитет, стари, изнемоштени и запуштени лица) во рамките на Специјалниот фитнес центар во Струмица по *претходно спроведена законска процедура ДОГОВОР ЗА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА СО ПАРТНЕР ОГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ИНСТИТУЦИЈА за период од една година(јануари-декември 2020 година).*

7.Финансиска поддршка за два проекти од невладини организации од областа на социјалната заштита на ранливи категории граѓани или граѓани во ризик во рамките на *спроведена процедура ЈАВЕН ОГЛАС СОГЛАСНО УСВОЕНАТА ЛОД МЕТОДОЛОГИЈА* .

8.Финансиска поддршка за проекти или активности заради унапредување на животот на малцинските етнички групи (Турската и Ромската заедница) за период од една година.. *во рамките на спроведена процедура ДОГОВОР ЗА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА СО ПАРТНЕР ОГАНИЗАЦИЈА во рамките на потпишан договор за соработка.*

9. Финансиска поддршка на програмски активности на Општинската организација на Црвен крст Струмица за 2023 година.. *во рамките на спроведена процедура ДОГОВОР ЗА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА СО ПАРТНЕР ОГАНИЗАЦИЈА во рамките на потпишан договор за соработка .*

Напомена!
Предложената вредност на секоја активнос е со вклучен персонален данок или ДДВ!

……

Бр.	Опис на ставката (активноста)	Време на реализација(месеци)												Извори на финансирање
		1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	
1.	Реализација на планирани приоритети од Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица со акциски план 2022-2027 година за фискалната 2023													општина
2.	Реализација на активности од Социјалниот План на Општина Струмица за 2023 година													општина
3.	Поддршка на веќе постоечкиот шелтер центар во Струмица зарди негово функционирање и згрижување на жртви на семејно насилство во контекст на справување со проблемите со семјното насилство на локално ниво2023/24													општина
4.	Реализација на Проект за помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои предходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во свој дом, зарди нивна реинтеграција во општеството..... „Куќа за отворено живеење-куќа на пола пат“ усогласен спрема законот за Социјална заштита													општина

5.	Реализација на проект за помош, нега и одмена во домот на изнемоштени лица со телесен хендикеп усогласен спрема законот за Социјална заштита													Општина
6.	Финансиска поддршка заради јакнење на ментално и физичко здравје (лица со пречки во развој, лица со телесен инвалидитет, стари, изнемоштени и запуштени лица) во рамките на Специјалниот фитнес центар во Струмица													Општина
7.	Финансиска поддршка за два проекти од невладини организации од областа на социјалната заштита на ранливи категории граѓани или граѓани во ризик													општина
8.	Финансиска поддршка за проекти или активности заради унапредување на животот на малцинските етнички групи (Турската и Ромската заедница) за период од една година													општина
9.	Финансиска поддршка на програмски активности на општинска организација на црвен крст Струмица													општина
	Вкупно:													

Име на под програма V2- Социјална заштита	Вкупно планирани финансикси средства	Буџет на општина за 2023 год	Други извори на финансирања
	9.300.000,00	9.300.000,00	/

IV.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-10386/1Совет на општина Струмица
30.12.2022 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
……

485.

Врз основа на член 4 став 2 и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), член 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), член 22 точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2023 година

- **Конкретни програмски активности на ТППЕ Струмица:**

1.Гаснење пожари и спасување на луѓе и имоти загрозени во пожари и другити елементарни непогоди

ТППЕ-Струмица во текот на 2023 година ќе учествува во локализирање, гаснење на пожари и технички интервенции доколку се појават на територииите на општините Струмица, Ново Село, Босилово и Василево.

ТППЕ-Струмица по барање на институциите од областа на заштитата и спасувањето ќе учествува во гаснење на настанати пожари со својата техника и опрема и во соседните општини: Радовиш, Валандово, Берово и пошироко.

2.Вршење на технички интервенции

-интервенирање при сообраќајни несреќи
-спасување на луѓе од височини (објекти)
-спасување-извлекување на луѓе и домашни животни од длабочини - бунари , јами , пештери и сл.
-црпење вода од поплавени објекти при елементарни непогоди
-интервенирање при појава на акциденти со опасни материи
-евакуација на луѓе , животни и материјални добра од загрозени средини
-интервенирање во случај на сите елементарни непогоди, техничко-технолошки катастрофи и сл.
-противпожарно обезбедување на јавни настани и манифестации, спортски натпревари , домашни и странски делегации и сл.

3.Анализа на пожари и технички интервенциина кои интервенералаТППЕ-Струмица

ТППЕ- Струмица во текот на цела година врши редовна анализа на секој настанат пожар и техничка интервенција со цел отстранување на пропустите и воведување на нови квалитетни и ефективни тактички методи при самите интервенции.

4. Стручно оспособување и усовршување на вработените во ТППЕ-Струмица.

За оспособување и усовршување на пожарникарите Командирот на ТППЕ изготвува Годишен план и Програма за изведување на настава и обука каде што се опфатени следните концептни содржини:

- Прописи за заштита од пожари, експлозии и опасни материи
- Противпожарни опасности и мерки за заштита.
- Противпожарни справи и опрема
- Противпожарна тактика
- Практични тренинг вежби
- Прва помош
- Запознавање наулици, приоди кон објекти и хидрантската мрежа во општините Струмица, Ново Село, Босилово и Василево каде што дејствува ТППЕ-Струмица
- Вежби (физичко-кондициони активности)
- Меѓународна соработка , размена на искуства , обука на повисок степен во поедини области и сл.

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ОБУКА

Содржина на обуката Теорија и демонстрација Практична работа/вежби

- Основи на системот за заштита и спасување на Република Македонија и организирање и спроведување на мерки за заштита и спасување
-Вовед во противпожарната служба
-Историјат и место на противпожарната служба во општеството

Т

- Заштита на животна средина Т+Д
- Картографија и климатографија Т+Д
- Прва помош Т+Д вежба
- Запознавање со објектите и опремата Т+Д
- Цели и задачи на превенцијата од пожари Т
- етика и говорни команди Т+Д
- Опасност од пожар и мерки за заштита во станбените објекти, земјоделството и индустријата Т+Д
- Градежни материјали, нивните својствата и однесувањето во пожар Т+Д
- Инсталации и комуникација во објектите за престој на луѓе Т+Д
- Пожарно оптоварување Т

Противпожарни апарати и опрема

Класификација на апаратите и опремата Т+Д

Лична противпожарна опрема Т+Д

Колективна противпожарна опрема Т+Д

Противпожарни апарати

- рачни и преносливи Т+Д

Стабилни системи за гасење на пожар Т+Д

Противпожарни црева Т+Д

Противпожарна арматура Т+Д

Пумпи за вода и пена и генератори за пена Т+Д

Противпожарни скали Т+Д

Видови на противпожарни возила Т+Д

Пловни и воздушни системи за гаснење на пожар Т+Д

Противпожарна тактика

Важноста и улогата на противпожарната тактика Т

Класификација на пожарите Т

Хемијата на горењето Т

Средства за гаснење пожар Т+Д

Принципи на гаснењето пожар Т+Д

